До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј бул. Гоце Делчев Б.Б. (Македонска Радио Телевизија - МРТВ, 10-ти кат),
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| **Назив** | Приватна непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа Бизнис Академија Смилевски, БАС |
| **Седиште** | Бул. Јане Сандански 111/2 Скопје, Р. С. Македонија |
| **Контакт информации** | Седиште: 02 2455754<br>Одделение Битола: 047 225 218<br>Официјална мејл адреса: info@bas.edu.mk |
| **Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | Проф. д-р Гордана Тасевска, директор<br>Емаил: direktor@bas.edu.mk, gordana.tasevska@bas.edu.mk<br>телефон: 047 225 218 |
| **Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | Виш пред. м-р Иван Ѓорѓиевски<br>Емаил: ivan.gorgievski@bas.edu.mk<br>Телефон: 072 221 311 |
| **Основ за надворешната евалуација** | ☐ Годишен план<br>☐Барање на високообразовната установа<br>☒ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно- истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| **Период за кој се однесува извештајот** | 2020 – 2024 година |
| **Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)** | 09-229/2 од 12.02.2025 |
| **Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?** | НЕ |

М.п.

Директор на БАС;

Скопје, 24.04.2025

Проф. д-р Гордана Тасевска

ЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ-БАС
Бр. 03-78/1
24.04 2025 год.
СКОПЈЕ

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј бул. Гоце Делчев Б.Б. (Македонска Радио Телевизија - МРТВ, 10-ти кат),
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| Назив | Приватна непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа Бизнис Академија Смилевски, БАС |
| Седиште | Бул. Јане Сандански 111/2 Скопје, Р. С. Македонија |
| Контакт информации | Седиште: 02 2455754<br>Одделение Битола: 047 225 218<br>Официјална мејл адреса: info@bas.edu.mk |
| Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации) | Проф. д-р Гордана Тасевска, директор<br>Емаил: direktor@bas.edu.mk, gordana.tasevska@bas.edu.mk<br>телефон: 047 225 218 |
| Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации) | Виш пред. м-р Иван Ѓорѓиевски<br>Емаил: ivan.gorgievski@bas.edu.mk<br>Телефон: 072 221 311 |
| Основ за надворешната евалуација | ○ Годишен план<br>○ Барање на високообразовната установа<br>○ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>○ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| Период за кој се однесува извештајот | 2020 – 2024 година |
| Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум) | 09-229/2 од 12.02.2025 |
| Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација? | НЕ |

Скопје, 24.04.2025

М.п.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Приватна непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа Бизнис академија Смилевски-БАС СКОПЈЕ

Директор на БАС;

Проф. д-р Гордана Тасевска

# 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ<br>(ги пополнува високообразовната установа) | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Приватна непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа Бизнис Академија Смилевски, БАС |
| Седиште | Бул. Јане Сандански 111/2 Скопје, Р. С. Македонија |
| Веб страница | https://bas.edu.mk |
| Мисија и визија на установата | **Мисија:**<br>**Нашата мисија е да создаваме кадри кои се подготвени за работа уште од првиот работен ден!**<br>Оваа наша мисија ја оствaруваме преку неколку принципи кои се наши ѕвезди-водилки во сé што правиме:<br>• Индивидуален пристап кон развојот на секој студент<br>• Континуирана соработка со бизнис секторот<br>• Максимизирање на потенцијалот на секој студент<br>• Човечки пристап со разбирање и емпатија<br>• Институционална поддршка при вработување<br>• Искрена комуникација и фер однос со студентите<br>Секој наш студент е своја приказна и свој пат. Посветени сме да ги откриеме вистинскиот потенцијал и афинитети на секој од нив, необидувајќи се да подгреваме лажни надежи за нереална иднина. Нашата менторска поддршка има единствена цел да ги извади на површина и засили оние интереси и способности на нашите студенти кои ќе ги водат кон за нив најдобрата иднина. Веруваме дека сите вложувања се враќаат. Бидејќи секого го бидува за нешто и дека секој може да го најде своето место во животот.<br><br>**Визија:**<br><br>Ние сме најпосакуваната академија во регионот. Обезбедуваме сè што е потребно – ништо повеќе!<br>Потребите на нашите студенти и партнери се специфични. Затоа, ние сме таму и тогаш кога сме им најпотребни – нашиот пристап и јазик е оној кој тие најдобро го разбираат.<br>Нашата сила сме ние - мајсторите на својот занает – самоиницијативни и посветени наставници и ментори. Постојано сме во потрага по она што сеуште не го умееме.<br>Игрите се нашиот најдобриот учител. Пријателството, довербата и почитта се нашето игралиште. Работејќи низ игри стануваме умешни. Грешките ги охрабруваме – тие нè носат до подобри решенија. Учиме заедно – учиме повеќе.<br>БАС е силна алка меѓу училиштето и бизнисот. Нашите дипломанти создаваат интелектуален капитал во бизнисите каде се вгнездени. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Приватна непрофитна установа |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | **Акредитација на установата:** Бр. 12-4564/1 од 25.06.2009 година<br><br>**Студиски програми на прв циклус на студии**<br>Студиска програма: Бизнис Менаџмент (I циклус)<br>Решение за акредитација бр. 08-36/7 од 30.07.2024 година;<br>Подрачје: 5 – Општествени науки,<br>Поле: 506 – Организациони науки и менаџирање (менаџмент),<br>Област: 50603 Бизнис менаџмент<br><br>Студиска програма: Маркетинг Менаџмент (I циклус)<br>Решение за акредитација бр. 08-1045/8 од 14.04.2022 година;<br>Подрачје: 5 – Општествени науки, |

| | |
|---|---|
| | Поле: 506 – Организациони науки и менаџирање (менаџмент),<br>Област: 50608 Маркетинг менаџмент<br><br>**Студиски програми на втор циклус на студии**<br>Студиска програма: Стратегиски Менаџмент на човечки ресурси (II циклус)<br>Решение за акредитација: бр.08-1154/6 од 09.05.2023<br>Подрачје: 5 – Општествени науки,<br>Поле: 506 – Организациони науки и менаџирање (менаџмент),<br>Област: Област: 50622 Управување со човечки ресурси<br><br>**Студиски програми на трет циклус на студии**<br>/ |
| Број на вработени лица избрани во наставно- научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | 10 |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | Прв циклус на студии: 119<br>Втор циклус на студии: 42<br>Вкупно: 161 |
| Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница) | Приказната за БАС започнува многу пред официјалното основање во 2007 година. Професорот Цветко Смилевски кој целиот свој професионален живот го минува во областа на образованието чувствува дека е време сето свое искуство да го вклопи во современа и модерна висока стручна школа која ќе понуди револуционерен начин на студирање во Македонија, надополнувајќи ги сите недостатоци кои ги има, во тие моменти, застарениот модел на високо образование.<br><br>Формално БАС е основан во 2007 година кога ја добиваме и акредитацијата од МОН, како и дозволата за работа. Во овој период, БАС не запишува студенти туку започнува со подготовка на наставниот кадар за иновативниот модел на високо образование. Една година траат подготовките, изборот на наставен кадар, подготовката на наставни материјали и во 2008 година стартуваме со настава првата генерација на студенти по оперативен менаџмент. Првите 86 студенти по Оперативен менаџмент на БАС започнаа со настава на 15 септември 2008 година.<br><br>Од основањето, БАС нудеше студиска програма од прв циклус под насловот Оперативен менаџмент и студиска програма од втор циклус на студии под насловот Стратегиски менаџмент како идеална континуација на претходните студии. До 2018та година, БАС ги нудеше овие две студиски програми, а со промената на ЗВО, БАС креираше две нови студиски програми и тоа за прв циклус – Бизнис менаџмент и втор циклус – Стратегиски менаџмент. Од 2022-та година БАС ја акредитираше и студиската програма Маркетинг менаџмент како одговор на барањата од приватниот сектор. А веќе од 2023 година, БАС акредитираше и студиска програма Стратегиски менаџмент на човечки ресурси на постдипломски студии.<br><br>Во моментов, во постапка за акредитација се наоѓаат две студиски програми:<br><br>• Менаџмент на квалитет за додипломски (прв циклус) студии и,<br>• Стратегиски менаџмент за одржлив развој<br><br>БАС Активно функционира во Скопје и во Битола, каде во последните години бележи значителен пораст на интересот кај таргет групите, што и се покажува со пополнувањето на предвидените места (квоти) за студии на прв и втор циклус на студиите по Бизнис и Стратегиски менаџмент на човечки ресурси. |

| | |
|---|---|
| | Низ текот на годините, БАС креираше и дисперзирано одделение во градот Струмица (период 2009 – 2013) меѓутоа заради нискиот интерес и економската неисплатливост, дисперзираното одделение се затвори. |
| Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница) | **БАС** е приватна непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа, основана во 2007 година, со седиште во Скопје и сопствена зграда на три спрата во Битола. Акредитирана од Министерството за образование и наука, БАС нуди три студиски програми: *Бизнис менаџмент*, *Маркетинг менаџмент* (додипломски, 180 ЕКТС) и *Стратегиски менаџмент на човечки ресурси* (постдипломски, 60 ЕКТС). Во процес на акредитација се уште две нови програми.<br>Академијата располага со стручен кадар – професори , виши предавачи и практичари – меѓу кои проф. д-р Гордана Тасевска (директор), проф. д-р Лидија Стефановска (заменик-директор), и генерален менаџер м-р Горазд Смилевски. Наставата се изведува во мали групи, по принципот „еден ден – еден предмет", со вклучени лабораториски вежби и практична обука. Студентите стекнуваат минимум 100 дена пракса во соработка со компании, а програмата за пракса се изведува како индивидуално менторство од раководители или менаџери вработени во бројните компании со кои БАС има соработка.<br>Во рамки на **Erasmus+**, БАС има активна мобилност на студенти и наставен кадар. Потпишани се договори со партнери од Албанија, Бугарија, Полска, Португалија, Словенија и Србија. Дополнително, Академијата соработува со државни и приватни институции во земјата и регионот, меѓу кои Воената академија, МИТ Универзитет и ААБ Колеџ (Косово). Членството во меѓународни програми овозможува интернационализација и признавање на дипломите.<br>БАС функционира како самостојна установа со сопствен **директор, заменик-директор, Генерален менаџер и Наставнички совет**, а Органот на основачи носи стратешки одлуки. Студиите се засноваат на ЕКТС и се усогласени со Болоњскиот процес. Институцијата спроведува редовна самоевалуација и ги применува стандардите за квалитет преку акредитирани програми.<br>Со јасна ориентација кон практична обука, меѓународна соработка и достапност на студиите, БАС претставува современ образовен модел за професионални студии по менаџмент.<br>За крај, она што како клучен капацитет го двои БАС на пазарот на високото образование е употребата на дигиталните алатки и платформи за спроведување на наставата по студиските програми. Од самото основање, БАС употребува современи дигитални алатки, а последните 13 години ја употребува широко распространетата платформа MOODLE (www.moodle.org) за чие одржување, ажурирање и употреба е обучен академскиот и административниот кадар на БАС. |
| Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | Согласно стандардите, предмет на анализа на овој извештај, најголемиот напредок може да се издвои кај стандардите 2, 4, 7 и 8.<br><br>Имено, по следниве неколку основи може да се согледа напредокот:<br>- Модерни студиски програми во согласност со европскиот образовен простор и акредитирани од АКВО (Бизнис менаџмент и Стратегиски менаџмент на човечки ресурси)<br>- Воведен е сеопфатно софтверско решение за менаџмент со студентите и кадарот на БАС<br>- Обновена е ИТ инфраструктурата<br>- Задржан особено големиот процент на партнерски организации кои соработуваат со БАС по разни основи<br>- Препознавање на БАС како практични, современи и барани стручни студии кои остручуваат современи менаџери |

| | |
|---|---|
| | - Зголемување на бројот на запишани студенти и пополнување на квотите за дел од студиските програми во последниве неколку години<br>- Зголемена видливост преку социјалните медиуми кај таргет групите на БАС<br>- Пораст на интересот кај иселени државјани на РСМ да студираат на далечина на мајчин јазик |
| Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница) | Најголеми предизвици:<br>• Негативни демографски показатели за таргет групите – особено групата матуранти<br>• Засилена промоција на странски универзитети со лукративни програми за привлекување на студенти<br>• Осовременување на просторот по теркот на светските високообразовни установи<br>• Мала и напати несоодветна застапеност на високите стручни школи во Законот за високото образование<br>• Намален интерес за посета на предавањата и работилниците пост Ковид пандемијата<br>• Недобивање на информации поврзани со интер-универзитетска конференција<br>• Немање простор за учество на самостојни високи стручни школи во Интер универзитетската конференција<br>• Евалуационите критериуми при акредитација на студиските програми се еднакви меѓу академските и стручните студии<br><br>Најголеми недостатоци:<br>• Мало учество во мобилности на студентите особено преку Еразмус програмите<br>• Недоволна употреба на софтверски систем за евиденција и менаџмент со студентите<br>• Недоволни дигитални и јазични компетенции на кадарот<br>• Мал интерес и учество на редовните студенти во академските и научните работилници, конференции и симпозиуми на БАС |

## 2. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

### Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет; Линк до објава на веб страна. |
| Бизнис академија Смилевски - БАС, како високообразовна установа со јасно изразена визија за современо, квалитетно и ефикасно високо образование, од своето основање е определена кон континуирано обезбедување и унапредување на квалитетот во наставата, истражувањето и административните процеси. Уште од основањето, академијата ја постави културата на квалитет како еден од темелните принципи врз кои се гради и развива институционалниот систем. Оваа определба е формално институционализирана преку вградување на системот за квалитет во највисоките правни акти на институцијата – пред сè во Статутот на академијата (Прилог 1.1.А).<br>Според Статутот на БАС и поврзаните интерни акти, како што се Правилниците за квалитет (Прилог 1.1.Б и Прилог 1.1.Ѓ) и Стратегијата за квалитет (Прилог 1.1.В) јасно се дефинирани процедурите, телата и инструментите преку кои се спроведува, следи и ревидира системот на квалитет. Со тоа, БАС обезбедува транспарентен, сеопфатен и цикличен пристап кон унапредување на академските и административните активности.<br>Надлежно тело за реализација на системот за квалитет е Советот за квалитет, кој функционира како стручно тело со мандат за разгледување на извештаите од евалуациите, предлагање мерки за подобрување и следење на имплементацијата. Формирањето на телото е регулирано со одлука на Наставничкиот совет (Прилог 1.1.Г).<br>Покрај формалните акти, БАС активно промовира култура на квалитет преку организирање на обуки, семинари, менторски средби и анкети со студенти, каде преку структурирана евалуација се прибираат информации за квалитетот на наставата, административната поддршка и општото искуство на студентите (Прилог 1.1.Д). Овие извештаи претставуваат клучен влез во процесите на интерна евалуација и стратегиско подобрување.<br>Политиката за квалитет не е статичен документ, туку динамична рамка, отворена за континуирано ажурирање согласно новите трендови, резултатите од евалуациите, законските измени и барањата на студентите и основачите. Затоа БАС континуирано, на период од три години спроведува самоевалуација преку која се води и прилагодува квалитетот во работењето и наставата (Прилог 1.1.Е) | |
| **Прилози**<br><br>Прилог 1.1 .А Статут на БАС<br>Прилог 1.1.Б Правилник за обезбедување на квалитет<br>Прилог 1.1.В Стратегија за квалитет<br>Прилог 1.1.Г Одлука за формиран Совет за квалитет<br>Прилог 1.1.Д Резултати од студентски анкети или истражувања<br>Прилог 1.1.Ѓ Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација<br>Прилог 1.1.Е Извештај од четвртата самоевалуација на БАС | |
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.); Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |
| Бизнис академија Смилевски – БАС, има воспоставен ефикасен и логично организиран систем за обезбедување на квалитет, заснован на принципите на транспарентност, учество, објективност и континуирано унапредување. Системот е интегриран во сите аспекти од работењето на институцијата и се реализира преку цикличен пристап кој вклучува планирање, следење, евалуација, ревизија и имплементација на подобрувања во наставните и административните процеси.<br>Следењето и унапредувањето на квалитетот се потпира на повеќе алатки и извори на информации. Редовно се спроведуваат студентски анкети за евалуација на наставата и административната поддршка (Прилог 1.2.А), кои се | |

администрираат на крајот на секоја академска година. Преку овие анкети, студентите ги оценуваат квалитетот на наставата, стручноста на кадарот, достапноста на материјалите, применливоста на знаењата и логистичката поддршка (Прилог 1.2.Д).
Дополнително, се користи систем за електронска поддршка кој овозможува следење на реализацијата на наставата, бројот на одржани часови, рокови, како и активноста на студентите и предавачите (Прилог 1.2.Б). Овие податоци се обработуваат и вклучуваат во годишниот извештај за самоевалуација, кој се подготвува на институционално и програмско ниво. Извештајот содржи резултати од анкетите, клучни индикатори за успех, и предлози за подобрување со соодветни препораки (Прилог 1.2.Ѓ).
Во текот на секоја академска година, менаџерот за квалитет реализира посети на наставни часови и подготвува соодветни извештаи за нивната реализација. Во оваа насока, се овозможува систематско следење на квалитетот на наставниот процес и навремено идентификување на области за унапредување (Прилог 1.2.Ж).
БАС, исто така, вклучува и мониторинг на административните услуги и техничката служба која има цел да оцени колку ефикасно, навремено и професионално функционираат поддржувачките служби. Овој извештај е значаен дел од системот за обезбедување квалитет (Прилог 1.2.В).
Наставните програми се ажурираат редовно, врз основа на анализата на добиените податоци од евалуациите и препораките за истите (Прилог 1.2.Г). Дополнително, се реализираат интерни обуки за академски и административен кадар, а Советот за квалитет игра клучна улога во континуираното унапредување на системот преку предлози, дискусии и усогласување на активностите со стратешките цели на академијата (Прилог 1.2.Е). Редовните состаноци на Советот за квалитет служат за следење, анализа и унапредување на процесите поврзани со академскиот и административниот квалитет. На нив се разгледуваат резултати од евалуации, се предлагаат мерки и се донесуваат заклучоци за подобрување на целокупното работење на институцијата.

**Прилози**

Прилог 1.2.А Евалуација на наставниот кадар
Прилог 1.2.Б Електронски студентски портал http://portal2.bas.edu.mk/
Прилог 1.2.В Извештај за мониторинг на административните услуги и техничката служба
Прилог 1.2.Г Акредитирани програми https://bas.edu.mk/studii/
Прилог 1.2.Д Семестрални студентски анкети
Прилог 1.2.Ѓ Извештај од самоевалуација
Прилог 1.2.Е Редовни состаноци на Советот за квалитет
Прилог 1.2.Ж Извештај за посета на наставен час

| | |
|---|---|
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |

Бизнис академија Смилевски (БАС) демонстрира постојана и активна посветеност кон развојот и унапредувањето на квалитетот на образовниот процес. Оваа посветеност се одразува не само преку донесувањето на релевантни политики и правилници, туку и преку секојдневната практична имплементација на принципите на транспарентност, вклученост и партнерство.
На институционално ниво постои воспоставена култура на координација помеѓу академскиот кадар, студентите, управата и административните служби, преку:

- редовни состаноци на академските тела (наставнички совет, стручни комисии, студентски парламент);
- вклучување на студенти во комисии за самоевалуација и контрола на квалитет (Прилог 1.3.Г);
- организирање јавни расправи и форуми (Прилог 1.3.Ѓ).

Преку овие механизми се обезбедува учество на сите чинители во процесот на донесување одлуки, а предлозите од студентите и наставниот кадар директно влијаат врз подобрување на наставниот процес, дигитализацијата и организациските аспекти на студирањето.
БАС активно промовира вклученост на студентите преку следниве активности:

- редовни анкети за квалитетот на наставата и административните услуги (Прилог 1.3.В);
- организирање на отворени денови;
- реализација на работилници со вклучување на студенти (Прилог 1.3.Ѓ).

БАС активно соработува со компании, институции и организации преку:

- меморандуми за соработка со стопански комори, приватни компании и јавни институции (Прилог 1.3.В);
- вклучување на експерти од пракса како гости предавачи (Прилог 1.3.Б);

- организирање на практична настава и студентски посети, во соработка со Кариерниот центар (Прилог 1.3.А, 1.3.Б и 1.3.Е);
- анкети со дипломирани студенти, како дел од поширoката евалуација на студиските програми (Прилог 1.3.Г).

Овие активности претставуваат добра практика на воспоставување блиска врска меѓу академијата и пазарот на труд, што резултира со поквалитетна и порелевантна настава, насочена кон реалните потреби на студентите и работодавците.

**Прилози**

Прилог 1.3.А План за активности
Прилог 1.3.Б Извештај од кариерен центар
Прилог 1.3.В Меморандуми за соработка со Партнерски организации
Прилог 1.3.Г Извештај од самоевалуација
Прилог 1.3.Д Учество на студенти во комисијата за самоевалуација (Одлуки за членови и промена на членови на комисијата)
Прилог 1.3.Ѓ Оперативни програми за Практична настава
Прилог 1.3.Е Работилници со вклучени студенти (Конкретни примери)

| | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

Во рамките на Бизнис академија Смилевски – БАС, функционира формално воспоставено и активно посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување на квалитет – Совет за квалитет. Ова тело е составено со цел да обезбедат стратешки, стручни и оперативни насоки во делот на евалуација и континуирано унапредување на сите академски и административни процеси.
Формирањето на Советот за квалитет е регулирано со Одлука на Наставничкиот совет (Прилог 1.4.А), а составот на членовите е формализиран со одлука на Наставничкиот совет (Прилог 1.4.Б), во која се назначени претставници од наставниот кадар, административниот кадар и студентски претставници. Овие документи потврдуваат дека телото функционира согласно институционалната структура и законските обврски.
Надлежноста на Советот е поткрепена и со одредбите од Статутот на БАС (Прилог 1.4.В), каде што се дефинираат органите на управување и нивните овластувања во делот на следење и развој на квалитетот. Работата на Советот се заснова на Стратегијата за квалитет (Прилог 1.4.Г), каде се утврдени визијата, насоките, целите и индикаторите за мерење и унапредување на квалитетот на академијата и поддржувачките процеси.
Советот редовно одржува состаноци, на кои се разгледуваат извештаи за евалуација, резултати од студентски анкети, предлози за подобрување и мониторинг на имплементацијата на мерките. Работата на Советот е документирана преку Годишни извештаи за квалитет (Прилог 1.4.Д), кои содржат анализи, констатации и препораки и претставуваат важен инструмент за стратешко планирање и интерна самоевалуација.

**Прилози**
Прилог 1.4.А Одлука за формирање на Советот за квалитет
Прилог 1.4.Б Одлука за Надлежни лица за квалитет
Прилог 1.4.В Статут на БАС https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/basstatut.pdf
Прилог 1.4.Г Стратегија за квалитет
Прилог 1.4.Д Годишни извештаи за квалитет од Советот

| | |
|---|---|
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

Бизнис академија Смилевски – БАС, има воспоставено структуриран и аналитички пристап кон користење на информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување квалитет. Овој систем овозможува постојано унапредување на студиските програми, наставниот процес и административните услуги, преку засновани и навремени одлуки базирани на објективни податоци.
Во рамки на самоевалуацискиот процес, академијата прибира и анализира податоци од различни извори. Главни извори се студентските анкети за евалуација на наставата, институционалните и програмските извештаи од самоевалуација, како и статистичките анализи за уписите, дипломирањата, академскиот успех и алумни активностите

(Прилог 1.5.А). Овие податоци се користат како основа за идентификација на силните страни, тековните предизвици и потенцијалните ризици во процесите.
Овие податоци се користат како основа за идентификување на клучните силни страни и предизвици, како и за дефинирање на потенцијалните ризици и приоритетни области за интервенција. Анализата се врши на годишно ниво, но податоците се употребуваат и за краткорочни мерки во рамки на тековната академска година. Врз основа на резултатите се изработуваат препораки по подрачја (Прилог 1.5.А).
Истовремено, институцијата спроведува детални евалуации и на наставниот кадар, со цел да се поттикнат промени и подобрувања во наставниот процес, како што предвидуваат и стандардите за обезбедување на квалитет во високото образование. Оваа евалуација се заснова на повратни информации добиени од студентите, но и на внатрешна проценка на педагошките пристапи, постигнувањата и професионалното однесување на наставниот кадар (Прилог 1.5.А).
Целта на евалуацијата е да се добие објективна слика за сите важни елементи што треба да ги поседува еден наставник при реализација на своите работни задачи, како што се: преносливост на знаењата, интерактивен пристап, достапност до студентите, редовност, ажурност и академска етика. Анализата на добиените податоци служи како основа за насочен развој на индивидуалните и колективните капацитети на кадарот. (Прилог 1.5.Б)
Врз основа на резултатите од оваа евалуација, институцијата изработува и спроведува планови за стручно усовршување, кои вклучуваат тематски обуки, стручни семинари, работилници (Прилог 1.5.В). Овие активности имаат за цел да го унапредат наставниот процес, да поттикнат применливи и иновативни методи и да придонесат за постојано професионално издигнување на наставниот кадар.

**Прилози**

Прилог 1.5.А Извештај од самоевалуација
Прилог 1.5.Б Извештај за евалуација на наставниот кадар (резултати од анкети и анализи)
Прилог 1.5.В Извештаи за одржани работилници за професионален развој на наставниот кадар (работилница ДЕАН)

| | |
|---|---|
| 1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.1 | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период; Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

Во последните 5 години, Бизнис академија Смилевски (БАС) не била предмет на надворешна евалуација од страна на релевантното тело за обезбедување квалитет во високото образование. Во очекување на идниот процес на надворешна оценка, институцијата посветено го развива својот интерен систем за обезбедување квалитет и воспоставува практики кои ќе овозможат целосна подготвеност за ефективна имплементација на препораките кои ќе произлезат од надворешната евалуација.

**Прилози**

/

**Стандард 2**

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо). | Акт во кој е регулирано прашањето; |

Согласно Статутот на Бизнис Академија Смилевски – БАС, поточно членовите 118-122 (прилог 2.1.а) се регулира дизајнот и изработката на студиските програми кои се акредитираат и се спроведуваат на установата. Дополнително, во деловникот за работата на Наставничкиот совет на БАС, посебно се утврдуваат надлежностите и постапката за одобрување на изработени елаборати. На крајот, целосната постапка се уредува со правилник каде се срочени чекорите согласно пропишаната регулатива во Република Северна Македонија (Закон за високото образование, сл. в.82/2018 и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми сл. в. 256/2022)

**Прилози**

2.1.А Статут на БАС
2.1.Б Деловник за работа на наставнички совет
2.1 В Правилник за постапка за изработка и одобрување на студиски програми за прв и втор циклус на студии

| | |
|---|---|
| 2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Бизнис академија Смилевски – БАС Скопје, нуди акредитирани студиски програми за прв и втор циклус на студии. Времетраењето на студиските програми на прв циклус е три години, а на вториот циклус една година. Во моментов БАС нуди три студиски програми и тоа: Бизнис менаџмент и Маркетинг менаџмент на додипломски студии, и Стратегиски менаџмент на човечки ресурси на втор циклус на студии. Во академската 2023/24 година истече акредитацијата на студиската програма Стратегиски менаџмент, а моментално тече постапка за акредитација на нова, модерна и осовремена студиска програма Стратегиски менаџмент на одржлив развој.
Преку своите студиски програми Бас нуди комбинација на теорија и пракса, работа во мали групи, со посебен фокус на тимската работа и соработка, најмногу застапена во процесот на решавање на проблемските студии на случај.
Студиските програми имаат за цел да одговорат на потребите на пазарот за стручни кадри во областа на менаџментот и маркетингот, имплементација на стандарди на работење, управување со процеси и развој на одржливи бизнис модели., Дипломираните студенти имаат висока вработливост на национално и меѓународно ниво (Прилози 2.2.А, 2.2.Б, 2.2.В и 2.2.Г)
Програмата има за цел да подготви менаџери и лидери кои ќе придонесат кон одржлив раст и развој на организациите преку примена на современи методологии за управување. Во услови на зголемени еколошки и економски предизвици, студиските програми одговараат на потребите на модерното општество за кадри кои можат да водат организации насочени кон долгорочна конкурентност и стабилност.
Предметните програми без оглед на тоа дали се задолжителни или изборни имаат јасно поставени цели, резултати кои произлегуваат од успешно совладување на содржината, детална содржина по поглавја, детален опис на наставните и работните методи, начин на оценување, метод за следење на квалитетот и задолжителна и дополнителна литература.

Прв циклус на студии:
https://bas.edu.mk/studii/biznis-menadzment-2024/

https://bas.edu.mk/studii/marketing-menadzment/
Втор циклус на студии:
https://bas.edu.mk/studii/pds-strategiski-menadzment-na-covecki-resursi/

**Прилози**
2.2.А Елаборати за студиска програма со предметни програми: Бизнис менаџмент
2.2.Б Елаборати за студиска програма со предметни програми: Маркетинг менаџмент
2.2.В Елаборати за студиска програма со предметни програми: Стратегиски менаџмент
2.2.Г Елаборати за студиска програма со предметни програми: Стратегиски менаџмент на човечки ресурси
2.2.Д Официјални документи за акредитации на студиски програми од прв и втор циклус на студии https://bas.edu.mk/za-bas-2/informacii-od-javen-karakter/

| | |
|---|---|
| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки. |

Студиските програми нудат комбинација на теоретски и практични знаења за студентите кои ќе им овозможат нивно вклучување во било кој производствен или услужен систем и решавање на менаџерските предизвици. На ваков начин тие се оспособуваат за идентификување на современите проблеми во општеството, можностите и заканите, изнаоѓање на креативни решенија, нивна примена во процесот на решавање на потребите како на клиентите, така и на организацијата, вклучувајќи ги сите етички, правни и политички аспекти.
Истовремено постојано се анализираат ставовите и мислењата на студентите и наставниците на Бизнис академија Смилевски – БАС преку анкети чии резултати покажуваат потреба од промени кои успешно се имплементираат во студиските програми. Дополнително, овие барања се потврдуваат преку искуствата на студентите на БАС при нивното вработување по завршувањето на студиите, но и преку искуствата при изведбата на студентската практична настава. која претставува интегрален елемент паралелен со теоретскиот дел на самите студии. Студентите на БАС, во текот на тригодишните студии изведуваат практична настава со времетраење од преку 100 денови, во најразлични фирми и дејности, а нивниот развој и стекнувањето на вештини внимателно е следен и менториран од кадарот и соработниците на БАС. На тој начин значително се зголемува нивното вклучување во пазарот на труд како солидни и високо потребни професионални бизнис менаџери кои се подготвени за работа уште од првиот ден по дипломирањето. Ваквиот постепен развој на конкретни, модерни и професионални вештини за време на самите студии овозможува исполнување на главните цели на студиските програми
Од особено значење е изработката на практикумот кој се изработува од страна на студенти како завршен испит, а е под менторство на соодветен професор. Темите на практикумите произлегуваат од конкретни проблеми или предизвици кои компаниите (наши партнерски организации) ги презентираат пред студентите и бараат конкретни решенија за истите.

**Прилози**
2.3.А Листа на партнерства и соработки https://bas.edu.mk/partnerstva-sorabotki/
2.3.Б Листа на партнери во Еразмус програмата: https://bas.edu.mk/erazmus/

| | |
|---|---|
| 2.4. Студиските програми се изработуваат / ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |

Следење на трендови и осовременување на студиските програми е еден од главните приоритети на Бизнис академија Смилевски БАС кој е издвоен во Стратегијата за развој како еден од приоритетите на кој ќе му се посвети особено внимание. За таа цел, при подготовка на елаборати за реакредитација и акредитација на студиски програми задолжително подготвуваме и спроведуваме анкетни прашалници за студентите, професори, партнерски организации и други чинители чии одговори и препораки се од исклучително значење за подготовка на нови содржини кои обработуваат актуелни теми. (Прилог 2.4 А) На ваков начин целиот наставен кадар е подготвен успешно да го менаџира процесот за создавање кадри кои ќе бидат барани на пазарот на труд и подготвени за работа уште од првиот работен ден.
БАС остварува квалитетна соработка и со голем број на организации во Р.С. Македонија кои се партнери на БАС во реализирањето на практичната настава. БАС има развиено посебни програми за практична настава која ја реализира во и вон рамките на студиската година со цел јакнење на практичната компонента од студиската програма и практично стекнување на знаења и вештини директно во реални организации. (Прилог 2.4 Б) Концептот на изведбата на практичната настава опфаќа: еден ден од работната недела за време на семестар, студентот задолжително да посетува помеѓу 4 и 8 часа практична настава во компанија избрана од интерен координатор за практична настава. За

време на летниот одмор, студентот посетува феријална практична настава која опфаќа практична настава на студентите во партнерска организација со континуирано времетраење од најмалку 15 работни дена за време на летниот распуст на студентите помеѓу прва и втора, како и помеѓу втора и трета година. За теренските посети во партнерските организации студентите пополнуваат рефлективни дневници.
Со цел да се обезбеди следење на менаџерските трендови од оваа научна област и поле се организираат бројни научни и стручни собири каде се споделуваат новите домашни и светски сознанија, се компарираат искуствата и се врши прифаќање и адаптирање на современите практики во секојдневното работење на организациите. Бизнис академија Смилевски – БАС била и е организатор и со-организатор на повеќе вакви собири од каде што собраните сознанија и искуства ги интегрира во наставните содржини како студии на случај со цел да им ја доближи на студентите реалната практика и современите трендови во контекст на наставната содржина
Од исклучително значење е клиничката настава (Прилог 2.4 В) во која се вклучени експерти од областа на менаџментот и маркетингот кои преку организирани средби директно ја пренесуваат својата експертиза на студентите, споделуваат практични примери, предизвици со кои се соочуваат во текот на работењето, трендови кои ги следат и многу други информации кои се од непроценливо значење за студентите.
Одбор за соработка и доверба со јавноста активно е вклучен при процесот на акредитација на нови и рекаредитација на стари студиски програми. Постојано се одржуваат состаноци на кои се дискутира околу содржините на предметните програми и се даваат предлози за промени и новитети согласно новите случувања на пазарот како во земјава така и пошироко. (Прилог 2.4 Г)

**Прилози**
2.4.А Анкетни прашалници(документи во прилог)
2.4.Б Листа на партнерски организации (документи во прилог)
2.4.В Листа на клиничари (документ во прилог)
2.4.Г Извештај од одржана средба на Одборот за соработка (документ во прилог)

| | |
|---|---|
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |

Предметните програми кои се составен дел од елаборатите се изработуваат според однапред утврдени критериуми кои се дадени во самите правилници за изработка на истите. Тоа значи дека внимателно се конципирано согласно европските стандарди, а со цел на студентите да им се овозможи практично и применливо знаење не само во земјава туку и во странство. Особено се обрнува внимание на излезните резултати, компетенциите со кои ќе се стекнат и литературата која ќе им овозможи да добијат солидна теоретска наобразба која потоа преку праксата ќе имаат можност да ја потврдат. (Прилози 2.5.А, 2.5.Б, 2.5.В и 2.5.Г)
Турбулентното окружување во 21 век бара модерно, современо и применливо знаење. Затоа при изработката на студиските програми особено внимание се посветува на анализа и компарација со други студиски програми од регионот и пошироко за да се потврди нејзината оправданост и неопходност.(Прилог 2.5.Д)

Прилози
2.5.А Предметни програми од студиска програма Бизнис менаџмент
2.5.Б Предметни програми од студиска програма Маркетинг менаџмент
2.5.В Предметни програми од студиска програма Стратегиски менаџмент
2.5.Г Предметни програми од студиска програма Стратегиски менаџмент на човечки ресурси
2.5.Д Усогласеност со други студиски програми (документи во прилог)

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно<br>валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. |

Во предметните програми на секоја студиска програма кои детално се прикажани во делот 2.5 (Прилог 2.5 А) посебно е образложено оптоварувањето на студентите соодветно на бројот на кредити за секој предмет. На пример, предметот

| | |
|---|---|
| Личен Менаџмент со 7 ЕКТС расположливо време од 189 часа е распределено на следниов начин: предавања – 24 часа; вежби – 24 часа; проектни задачи – 24 часа и домашно учење – 117 часа.<br>Во согласност со законите за високо образование, студиската програма и правилникот кој ги уредува условите и начинот на студирање на Бизнис академија Смилевски – БАС, на студентите им е загарантирано и обезбедено учество во практична настава. Самата практична настава, во својата програма, предвидува во првиот семестар комбинација од лабораториски вежби (Прилог 2.6 А) каде се симулира реално бизнис окружување и посета на партнерски организации, додека почнувајќи од вториот па се до шестиот семестар се изведува теренска студентска практика во една од педесетината македонски компании, партнери на БАС. (Прилог 2.6 Б)<br><br>Концептот на изведбата на практичната настава опфаќа: еден ден од работната недела за време на семестар, студентот задолжително да посетува помеѓу 4 и 8 часа практична настава во компанија избрана од интерен координатор за практична настава. За време на летниот одмор, студентот посетува феријална практична настава која опфаќа практична настава на студентите во партнерска организација со континуирано времетраење од најмалку 15 работни дена за време на летниот распуст на студентите помеѓу прва и втора, како и помеѓу втора и трета година. Потврда за упатување за реализирање на практична настава студентот ја добива од координаторот за ТСП, по реализацијата на ПН ја враќа потврдата за реализирана ПН која треба да биде потпишана и заверена од страна на менторот од ПО или само од ПО. Потврдата се предава на координаторот за ПН. (Прилог 2.6.В) Рефлективниот дневник, заверен со печат и потпис од менторот и ПО, треба да се достави до Координаторот за ПН најдоцна пред почетокот на колоквиумските недели предвидени за полагање на вторите колоквиуми. Рефлективниот дневик се прикачува и на образовниот портал. (Прилог 2.6 Г) На крај се пополнува и прикачува на образовниот портал на БАС на крајот од семестарот евалвација за менторот. Целата постапка е опишана во водичот за практична настава. (Прилог 2.6 Д)<br>Координаторот за теренска студентска пракса има обврска да поднесе извештај кој ги содржи сите елементи кои се составен дел од претходно презентираниот, одобрен и реализиран план за работа. (Прилог 2.6 Ѓ) | |
| Прилози<br>2.6.А Оперативна програма за реализација на практична настава/лабораториски вежби<br>2.6.Б Листа на партнерски организации https://bas.edu.mk/studii/karieren-centar-i-studentska-praksa/<br>2.6.В Упатница за реализирање на практична настава<br>2.6.Г Урнек од рефлективен дневник за практична настава<br>2.6.Д Водич за практична настава<br>2.6.Ѓ Извештај за теренска студентска пракса | |
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.2 |
| На веб страната на БАС објавени се сите информации поврзани со студиските програми.<br>Линковите за двата циклуса се дадени во прилог | |
| Прилози<br>2.7.А Прв циклус<br>Бизнис менаџмент - https://bas.edu.mk/studii/biznis-menadzment-2024/<br>Маркетинг менаџмент - https://bas.edu.mk/studii/marketing-menadzment/<br>2.7.Б Втор циклус<br>Стратегиски менаџмент на човечки ресурси: https://bas.edu.mk/studii/pds-strategiski-menadzment-na-covecki-resursi/ | |
| 2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |
| Согласно Законот за високо образование една студиска програма има важност 5 години. Уште за време на важноста на една студиска програма се прават истражувања за новитети кои се бараат на пазарот на труд и задолжително треба да | |

се вметнат како дополнување на веќе постоечките предметни програми или воведување на целосно нови. Па така, Во 2022 година ја воведовме студиската програма по Маркетинг менаџмент имајќи во предвид дека Маркетингот особено Дигиталниот маркетинг постепено станува составен дел на секоја компанија овозможувајќи максимизирање на профитот преку целосно задоволување на потребите на клиентите кои постепено се оддалечуваат од стандардните производи и бараат микросегментирање и приспособување на понудата на индивидуалните и уникатни барања. Во 2023 година пак ја акредитиравме студиската програма за втор циклус на студии Стратегиски менаџмент на човечки ресурси која ги обедини сите промени и новитети во областа на човечките ресурси. Во 2024 година пак целосно ја спроведовме постапката за реакредитација на студиската програма Бизнис менаџмент како една од најбараните студиски програми согласно профилот со кој се стекнуваат студентите по успешно завршување на оваа програма. И тука се воведоа голем број на промени кои се констатираа како значајни по успешните средби што редовно ги право БАС со сите стејкхолдери (Партнерски организации, ментори, клиничари, Одбор за соработка и др.) Сите акредитации и решенија за почеток со работа се уредно поставени на веб страната на БАС. (Прилог 2.8. А)
Секоја професор ажурно ја евидентира наставата која ја реализира согласно покриеноста на наставата за тековниот семестар на moodle платформата. На оваа платформа наставникот евидентира присуство на студентите, поставува неопходни материјали согласно претходно поставена оперативна програма, дополнителна литература, задачи, реализирана средба, колоквиуми/испити и други материјали согласно потребите. Секој студент си има посебен профил и пристап до секој предмет http://portal2.bas.edu.mk/my/

Прилози
2.8.А Линк до веб страната на БАС https://bas.edu.mk/za-bas-2/informacii-od-javen-karakter/

| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години. |
|---|---|

Предметните програми кои се реализираат по студиска програма детално се дадени во прилог 2.5.А
На Студиските програми Бизнис менаџмент и Маркетинг менаџмент има по 37 Предметни програми, а на студиската програма Маркетинг аспекти на човечки ресурси има 14 предметни програми и еден дополнителен курс по менаџмент за кандидати кои доаѓаат од полиња кои не се поврзани со менаџментот.
Бизнис академија Смилевски БАС ажурно води евиденција за бројот на запишани и дипломирани студенти на прв и втор циклус на студии. Она што особено не радува е фактот дека од 2020 година до денес бројот на запишани студенти расте (согласно квотите кои ни се одобрени при акредитација на студиските програми. Хронолошки статистичките податоци за запишани студенти на прв и втор циклус на студии по години се:
Прв циклус:
2020/2021 – 64; 2021/2022 – 85; 2022/2023 – 140; 2023/2024 – 133 2024/2025 - 119
Вор циклус:
2020/2021 – 42; 2021/2022 – 42; 2022/2023 – 42; 2023/2024 – 80; 2024/2025 - 42
Или кумулативно на Прв циклус запишани во период 2020-2024 се 541, а на втор циклус 248.
Бројот на испишани студенти е минимален, а како причини кои се споделени од страна на студентите се заминување во странство или семејни проблеми. За друг вид на причини до сега немаме информација.
Просечната оцена по циклуси и година е следна:
**Прв циклус:**
2020 – 8.90
2021 – 8.68
2022 – 9.17
2023 – 9.28
2024 – 9.31
**Втор циклус**
2020 – 9.35
2021 – 9.14
2022 – 9.30
2023 – 9.51
2024 – 9.73

**Прилози**
/

**Стандард 3**

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа; Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата; Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |
| Бизнис академија Смилевски – БАС Скопје има воспоставен систем кој обезбедува активно учество на студентите во процесот на учење преку современи наставни методи, фокусирани на практична настава, интерактивни предавања и проектни задачи. Програмите се дизајнирани така што ги охрабруваат студентите да придонесуваат со свои идеи, истражувања и критичко размислување. Предметите вклучуваат студии на случај, симулации, дискусии и работа во групи за поттикнување на самостојно размислување и решавање на проблеми. Оценувањето не се базира само на испити, туку вклучува континуирана проценка преку проектни задачи, презентации и учество во дебати .(http://portal2.bas.edu.mk). .Наставниците се должни предавањата да ги реализираат согласно со предметната програма која е дел од студиската програма. Дел од предавањата можат да се изведуваат преку клиничка настава од страна на истакнат стручњак од практиката од соодветната област. Во наставно-образовниот процес можат да се вклучат и визитинг-наставници од странство. Консултациите претставуваат дел од наставно-образовниот процес, со што на студентот му се овозможува да се разјаснат одредени делови од предметните програми преку непосреден контакт со наставниците и соработниците заради полесно совладување на содржините од предметната програма. Секој наставник и соработник е должен да одржува консултации со студентите четири часа седмично. Терминот за одржување на консултации се објавува на почетокот на учебната година/семестар на портал. Семинарските работи, домашните задачи и есеите се изработуваат од страна на студентот како самостојни трудови. Проектните задачи студентот ги изработува како индивидуална зададена задача или групна задача на неколку студенти. Теренската настава се изведува кога тоа е предвидено во предметната програма. (Прилог 3.1.А, 3.1.Б, 3.1.В, 3.1.Г, 3.1.Д, 3.1.Ѓ )<br>Студентите работат на реални проекти во соработка со компании и институции, што овозможува директна примена на стекнатите знаења. Во согласност со мисијата на БАС, практичната обука е интегрирана во наставните програми и се реализира во соработка со бизнис-секторот.<br>Преку анкети, студентски собранија и дискусии, студентите даваат сугестии за подобрување на наставните методи. Академскиот кадар активно ги насочува студентите во нивниот професионален развој преку индивидуални и групни консултации. Студентите активно се вклучуваат во тела како Наставен совет. | |
| **Прилози**<br>3.1.А.Статут на Бас<br>3.1.Б. Правилник за условите, критериумите, постапката и правилата за запишување и студирање на прв циклус на студии на БАС<br>3.1.В. Правилник за условите, критериумите, постапката и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на БАС<br>3.1.Г. Правилник за начинот на стекнување на право, пријавување, полагање, следење, оценување, евидентирање и чување на испити на студентите на БАС<br>3.1.Д. Правилник за практична настава на БАС<br>3.1.Ѓ. Водич за студирање | |
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми; Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |
| Бизнис академија Смилевски (БАС) активно ја почитува различноста на студентите и нивните индивидуални потреби, овозможувајќи флексибилни пристапи во учењето. Применуваме различни модели на настава, прилагодени на современите трендови и барања на студентите, со употреба на иновативни педагошки методи. Во суштина, наставата со БАС, со цел обезбедување на непосреден пристап и работа на практични примери, се одвива во мали групи, не поголеми од 20 студенти по предмет. Дополнителната иновација е тоа што организирањето на наставата се одвива по принципот 1 предмет 1 ден – во прилог 3.2.Д е даден неделен распоред на часови за група редовни студенти.<br>При реализацијата на наставата се користат: Илустративни и проблемски студии на случаи, симулации на деловни состаноци, финансиско планирање и менаџирање на ресурси. Исто така креираат маркетинг стратегии , симулираат процеси и тимска динамика во Бизнис лабораторијата.<br>Се користат различни модели на реализација на наставата: | |

- Физичка настава во сали – Класичен модел со интеракција меѓу професорите и студентите.
- Работа во мали групи на практични и современи студии на случај
- Онлајн сесии и вебинари – Студентите можат да следат предавања во живо преку платформи како Zoom или Microsoft Teams.
- Самостојна работа и истражување – Студентите подготвуваат истражувачки трудови, анализи и трудови со поддршка од ментори.
- Практична работа во компании – Секој студент е вклучен во практична работа во рамките на партнерски организации кои имаат склучено договор за соработка со БАС

Конкретни примери за иновативни методи/ педагошки пристапи на БАС во наставата

- Студија на случај (Case Study Method)
- Гамификација (Game-Based Learning)
- Практични симулации
- Хакатони и натпревари
- Работа на реални менаџерски предизвици и проблеми (практикуми)
- Еден ден – еден предмет (прилог 3.2.Д)

Прилози
3.2.А Елаборат за студиска програма од прв циклус на студии: Бизнис менаџмент
3.2.Б Елаборат за студиска програма од прв циклус на студии: Маркетинг менаџмент
3.2.В Елаборат за студиска програма од втор циклус на студии: Стратегиски менаџмент
3.2.Г Елаборат за студиска програма од втор циклус на студии: Стратегиски менаџмент на човечки ресурси
3.2.Д Распоред на часови

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости; Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

Бизнис Академија Смилевски (БАС) применува системски пристап за редовна адаптација на методите на изведување на наставата, со цел постојано подобрување на квалитетот на наставниот процес. Наставата е организирана на начин што овозможува нејзино прилагодување според резултатите од практичната примена, повратните информации од студентите и развојот на современи педагошки пристапи. Фокусот на овој индикатор е на динамичното подобрување на наставата преку интерактивно учење, учење ориентирано кон студентот и инкорпорирање на најновите трендови и истражувања во образованието. За да се обезбеди ефикасно учење, наставата на БАС редовно се анализира, ревидира и подобрува преку следните механизми:
Системско следење на квалитетот на наставата – преку евалуација од студентите и анализи на успешноста.
Адаптација врз основа на анализа на слабостите – ако се забележи дека одреден метод или пристап не носи очекувани резултати, се врши корекција или воведување на алтернативни методи.
Илустративни и програмски студии на случај (case studies) – реални сценарија и примери од бизнис светот за анализа и дискусија – Прилог 3.3.А
Проектно базирано учење (Project-Based Learning) – студентите работат на реални проекти што одговараат на пазарните потреби. - Прилог 3.3.А
Пристап ориентиран кон студентот – индивидуален пристап, менторски сесии и поддршка во развојот на компетенции.
Интердисциплинарен пристап – поврзување на знаења од различни предмети за целосно разбирање на темите.

Прилози
3.3.А Примери од студии на случај кои се користат во наставата
3.3.Б Извештај од посета на настава од страна на менаџер за квалитет
3.3.В Евалуации на наставата од страна на студентите (Пример)
3.3.Г Извештај од самоевалвација

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

Во Бизнис Академија Смилевски (БАС), процесот на оценување на студентите е систематски структуриран и усогласен со современите образовни стандарди. Оценувањето е транспарентно, објективно и насочено кон мерење на реалните компетенции на студентите. Сите наставници, соработници и членови на академскиот кадар кои учествуваат во процесот на оценување се запознаени со постојните методи на тестирање и добиваат поддршка за нивно подобрување и адаптација. Во БАС, оценувањето на студентите се спроведува на систематски, транспарентен и фер начин. Преку континуирани обуки за наставниот кадар, примена на разновидни методи на тестирање, користење на современи дигитални алатки и обезбедување на формативно и сумативно оценување, академијата гарантира дека студентите се оценуваат не само врз основа на нивното знаење, туку и врз основа на нивната способност за анализа, примена и критичко размислување.
Со ова, БАС не само што обезбедува квалитет во процесот на оценување, туку и ги подготвува своите студенти да бидат компетентни професионалци во своите идни кариери. За да се обезбеди транспарентност и фер пристап, БАС има унифицирани критериуми за оценување на сите студиски програми. За да се осигура правичноста во процесот на оценување, во БАС се применуваат унифицирани критериуми што се однапред дефинирани и транспарентни за студентите. Оценувањето е структурирано така што секој студент има јасна претстава за тоа што се очекува од него и кои се критериумите врз кои ќе биде оценет. Секој наставник е должен однапред да ги дефинира процентите што различните форми на оценување ги носат во вкупната оценка
Клучни принципи при оценувањето се:
Јасни критериуми – студентите однапред се информирани за начинот на оценување.
Формализирани правила – преку правилници, упатства и стандарди за оценување.
Двостепена верификација – механизам за жалба и ревизија на оценките.
Конкретно, согласно правилникот за оценување на БАС (прилог 3.4.А), студентите кои студираат на студиските програми се оценуваат по три односно две компоненти и тоа:
Присуство и активност: 30 поени (30% од оценката)
Два колоквиуми по 35 или еден целосен испит од 70 поени (70% од оценката)
Или кај предмети кои во својата програмска структура предвидуваат изработка на проектен извештај,
Присуство и активност: 30 поени (30% од оценката)
Два колокивуми по 25 или еден целосен испит од 50 поени (50% од оценката)
Проектен извештај: 20 поени (20% од оценката)
При што квалификувачки услов по компонентите е освојување минимум од 50% од вкупниот број на поени на компонентата + 1 поен.
БАС активно користи современи онлајн алатки за тестирање, проверка на знаење и спречување на академска нечесност/  Клучна дигитална алатка Moodle – платформа за тестови, задачи и евалуација достапна на линкот http://portal2.bas.edu.mk
Во БАС, наставниците и соработниците кои учествуваат во оценувањето редовно се обучуваат за најновите методи и пристапи во тестирањето и евалуацијата на студентите – ДЕАН работилница (прилог 3.4.Б). Обуките се фокусираат на тоа како да се применуваат различни техники за мерење на знаењето, како да се осигура правичноста на оценувањето и како да се дава конструктивна повратна информација на студентите.
Преку работилници, семинари и размена на искуства меѓу професорите, наставниот кадар има можност да ги усоврши своите вештини во оценувањето. Посебно внимание се посветува на употребата на таксономијата на Блум во формулирањето на прашања во тестовите, што овозможува балансиран пристап помеѓу прашања што мерат репродуктивно знаење и оние што бараат аналитичко и критичко размислување.

**Прилози**
3.4.А Правилник за начинот на стекнување на право, пријавување, полагање, следење, оценување, евидентирање и чување на испити на студентите на БАС
3.4.Б Извештаи од ДЕАН

| | |
|---|---|
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |

Во Бизнис Академија Смилевски (БАС), критериумите и методите за вреднување и оценување на студентите се транспарентно дефинирани и еднаш утврдени ги прават познати на студентите уште при почетокот на секоја студиска година или предметна програма. Ова се постигнува преку:
Јасно дефинирани критериуми за оценување - Секој предмет има конкретно дефинирани критериуми за оценување што се објавуваат во силабусот на предметот. Студентите имаат право да знаат како ќе бидат оценувани уште на почетокот на семестарот. Овие критериуми покриваат сите форми на оценување (испити, домашни задачи, проекти, учество на час и др.) и нивната процентуална тежина.
Пример: Силабусот за предметот Менаџмент на човечки ресурси вклучува проценти за пишување на есеј, учество на часовите, и завршен испит.
Објавување на методите за оценување - Методите на оценување се јасно дефинирани и објавени преку Moodle платформата и веб-страницата на БАС. Секој студент има пристап до овие информации пред почетокот на предавањата, така што тие можат да се подготват за различните форми на оценување (квизови, тестови, проекти, итн.).

Пример: Методот на оценување за предметот Основи на проектен менаџмент вклучува практични проекти во групи, презентации на студентите и завршен испит.
Транспарентност во проценката:- Критериумите за оценување и методите на тестирање се јасно објавени и претставени на првиот час за секој предмет. Студентите добиваат детални информации во врска со процентуалната вредност на задачите, проектите и испитите кои ги предвидуваат како начини на оценување.
Пример: Студентите се информирани дека за проектот ќе добијат до 20% од целокупната оценка, за присуство 30%, а за финалниот испит 50%.
Повратни информации на студентите - Студентите добиваат редовни повратни информации за нивниот напредок и исполнување на критериумите за оценување. Преку формативно оценување, како што се редовните квизови, малите тестови и повратните информации на проектите, студентите се информираат за нивните слабости и како да ги подобрат своите вештини пред финалното оценување.
Стандарди и упатства за оценување - Во БАС се користат формализирани правила и стандарди за оценување преку правилниците за оценување и упатствата за наставниците, кои се достапни за сите наставници и студенти. Ова гарантира дека сите наставници ги користат исти критериуми и методи за оценување.
Механизам за жалби и ревизија: - Студентите имаат јасно утврден механизам за жалби и ревизија на оценките. Секој студент има право на жалба во случај на несогласување со резултатот на оценувањето, а ревизијата се извршува од страна на независен наставник или комисија.
Пример: Ако студентот смета дека неговата оценка не е оправдана, тој има право да поднесе жалба и да побара дополнителна проценка на знаењето

Прилози
3.5.А Линк до веб- Дигитални платформи (Moodle) страницата на БАС http://portal2.bas.edu.mk
3.5.Б Линк до силабуси на предметите – https://bas.edu.mk/studii/marketing-menadzment/
3.5.В Директен линк до предметна програма (силабус) - https://bas.edu.mk/dl/predmetni-programi/biznis-menadzment/02g03s_MCR_PredmetnaPrograma.pdf
3.5.Г Водич за студенти

| | |
|---|---|
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |

Во Бизнис Академија Смилевски (БАС), процесот на оценување е дизајниран така што студентите имаат можност целосно да го демонстрираат нивниот степен на постигнување на резултатите од учењето. Оценувањето не е само завршна фаза во наставниот процес, туку и активен механизам за поддршка на академскиот развој на студентите. Секој студент добива детална повратна информација за своите резултати, со насоки и препораки за унапредување на своите знаења и вештини. Ова им овозможува подобро да го разберат својот напредок и да ги идентификуваат областите во кои можат да се подобрат. Доколку е потребно, наставниците даваат индивидуални совети и препораки за понатамошниот процес на учење, со што се обезбедува персонализиран пристап кон секој студент.
Оценувањето во БАС се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во целосна согласност со постојните процедури и унифицираните критериуми. Процесот е структуриран така што резултатите ги одразуваат очекуваните исходи од учењето и се во согласност со целите на секој предмет. Формите на оценување се внимателно прилагодени на природата на предметот, со што се осигурува дека студентите имаат најдобра можност да ги покажат своите компетенции.
Дополнително, каде што е можно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи, што обезбедува дополнителен слој на објективност и транспарентност во процесот. Овој пристап го минимизира ризикот од субјективност и обезбедува правична евалуација на студентските перформанси.
Со ваквиот систематски пристап, БАС не само што обезбедува квалитетно и праведно оценување, туку и активно придонесува кон академскиот и професионалниот развој на своите студенти.
Во Бизнис Академија Смилевски (БАС), процесот на оценување е структуриран и анализиран преку различни индикатори за да се осигури неговата ефикасност и фер пристап кон студентите. Академијата редовно следи и анализира податоци поврзани со оценувањето, обезбедувајќи транспарентност и континуирано подобрување на наставниот процес.

За да се добие преглед на академските постигнувања, БАС води детална евиденција за просечните оценки по предмет за сите студиски програми. Овие податоци се анализираат на крајот на секоја академска година и опфаќаат последните пет години (доколку се применливо). Со оваа анализа, институцијата ги идентификува предметите каде што е потребна интервенција или адаптација на наставните методи. ( Табеларен приказ на просечните оценки по предмет за последните пет години. Извештаи од анализи на академскиот успех на студентите ) Повратните информации за резултатите од оценувањето се клучен дел од наставниот процес. Студентите ги добиваат преку различни канали: Индивидуални коментари од професорите за секој студент.

- Автоматизиран фидбек по комплетирање на испитот.
- Објавување на резултатите со конкретни повратни информации преку дигиталната платформа Moodle. (Прилог 3.6.А
- Консултации со наставниците за дополнителни појаснувања и насоки.
- Ревизија на тестови и задачи со објаснување на грешките и можност за подобрување.

БАС постојано воведува иновативни методи на оценување, со цел подобрување на начинот на мерење на студентските знаења и компетенции:

- Проектно-базирано оценување – студентите работат на реални студии на случај и проекти кои се презентираат пред комисија.
- Групни презентации и дебати – оценување преку интерактивни сесии каде што студентите ги демонстрираат своите аналитички вештини.
- Гамификација и квизови преку дигитални алатки – користење на Kahoot, Google Forms и слични платформи за следење на континуираниот напредок.
- Електронско оценување со автоматизирана анализа – користење на Плагијати за проверка на оригиналноста и детална проценка на академските трудови.

Во одредени предмети каде што е потребна објективност и мултидисциплинарен пристап, оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. На пример предметите вклучуваат:

- Стратегиски менаџмент – завршните проекти ги оценуваат најмалку два професори.
- Маркетинг– презентациите и проектите се оценуваат од панел составен од наставници и практичари од индустријата.

**Прилози**

3.6.А Примери за фидбек до студент преку образовниот портал на БАС

3.6.Б Правилник за начинот на стекнување на право, пријавување, полагање, следење, оценување, евидентирање и чување на испити на студентите на БАС

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите; Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

Процедурата за жалба е детално опишана во Правилникот за студии на прв односно втор циклус на студии, кои се достапни на веб-страницата на академијата (линк: https://bas.edu.mk/za-bas-2/informacii-od-javen-karakter/ ) , во водичот за студирање (Прилог 3.7.Б) и на платформата Moodle (линк: http://portal2.bas.edu.mk/ ). Студентите имаат можност да поднесат жалба во писмена форма до Комисијата за жалби, која има обврска да ги разгледа сите пријави во утврден рок

За дополнителна ефикасност, БАС има воспоставено дигитален систем за поднесување жалби преку електронска пошта (email: prijavikorupcija@bas.edu.mk ) или студентскиот портал, обезбедувајќи дискретност и заштита на идентитетот на студентите. Покрај тоа, студентите можат да поднесат жалба анонимно преку специјално дизајнирана кутија за приговори, која редовно се прегледува од страна на одговорните лица.

Комисијата за жалби е составена од наставен и административен кадар, кои врз основа на собраните докази носат одлука за секој случај. За случаите што вклучуваат можни коруптивни активности, академијата постапува во согласност со важечките законски прописи, а пријавите се разгледуваат од страна на надлежните институции.

**Прилози**

3.7.А Статут на БАС

3.7.Б Водич за студирање

**Стандард 4**

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Акт во кој е регулирано прашањето; Линк до веб страна на објавата. |
| Согласно внатрешната систематизација и правилници на БАС, прописите кои ги покриваат сите фази на студирањето се образложени и поставени во соодветни правилници согласно циклусите на студии. Имено, прописите за запишувањето, критериумите и условите, постапката и правилата при студирањето на прв (Прилог 4.1.А) и втор циклус (Прилог 4.1.Б) на БАС се пропишани во соодветни правилници, кои се објавени и јавно достапни на страната на БАС во делот за „Информации од јавен карактер“ – линк: https://bas.edu.mk/za-bas-2/informacii-od-javen-karakter/ | |
| Прилози<br>4.1.А Правилник за прв циклус на студии на БАС<br>4.1.Б Правилник за втор циклус на студии на БАС | |
| 4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Следењето и водењето на евиденција на напредокот на студентите се врши согласно рамката дадена во Законот за високо образование (Сл. в.бр. 82/2018) и согласно правилниците за на прв (Прилог 4.1.А) и втор циклус (Прилог 4.1.Б) на студирање.<br>Согласно пропишаните постапки за запишувањето и напредокот на студентот, на БАС се водат Матична книга на запишани студенти, Главна книга на дипломирани студенти и досие за секој студент.<br>Како алатка која БАС ја користи активно повеќе од 13 години е онлајн образовен портал поставен на платформата MOODLE (мк: МУДЛ), преку кој се споделуваат материјали, литература, задачи, вежби и сл. поврзани со наставата и студиските програми, а истовремено се врши и проверка на знаењето. Платформата МУДЛ овозможува непречено следење на напредокот на секој студент по предмет и за целосен курикулум, каде за секоја од активностите предвидени со предметната програма може соодветно студентот да биде оценет и да добие релевантен и навремен фидбек. Како доказ за функционалноста на системот ги наведуваме следниве: Прилог 4.2.А покажува извадок од комплетиран предмет каде јасно се следи напредокот на студентите низ програмата и предвидените активности, заедно со крајните оценки по предметот, Прилог 4.2.Б покажува извадок од т.н. „дигитално“ студентско досие заедно со оценки и преглед по предмети слушани согласно студиска програма. Податоците кои се добиваат согласно напредокот на студентот служат за понатамошно постапување, на пример: Заверка на оценки во досието на студентот, пополнување на пријави, пополнување на студентки индекс, заверка на студентски индекс и слично. Линкот на кој се наоѓа електронскиот образовен портал на БАС е: http://portal2.bas.edu.mk/ За работата на оваа алатка, БАС има вработено две лица, администратори на платформата, а целиот наставен кадар (внатрешен и надворешен) е соодветно обучен за користењето на платформата.<br>Дополнително, БАС работи на развој и воспоставување на посебен менаџмент информационен систем (МИС) за понатамошно продлабочување на дигиталната трансформација на следењето на напредокот на студентите. Во моментов овој систем БАС го употребува за евиденција на лични податоци согласно законската регулатива и внатрешните правилници на БАС, а за потребите на внатрешните процеси, додека во наредна фаза се очекува развој и на дигитално студентско досие со оценки и податоци за академски напредок. Овој систем моментално е лоциран на https://bas.classter.com а за неговата администрација и ажурирање на податоци се грижи администратор со полно работно време во БАС. | |
| **Прилози**<br>4.2.А Извадок од оценки за предмет од Мудл (МВН-Р-СК-2223 Grades)<br>4.2.Б Извадок од оценки за студент од Мудл<br>4.2.В Слики од делови на МИС софтверската алатка (кластер) | |

| | |
|---|---|
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. |

Постапката за признавање на периодите на студирање и претходно учење во БАС е регулирано согласно Законот за високо образование (Сл. в.бр. 82/2018) и правилникот за ЕКТС (прилог 4.3.А) кој е поставен на страната на БАС во делот за „Информации од јавен карактер“ (линк https://bas.edu.mk/za-bas-2/informacii-od-javen-karakter/). За спроведување на постаката и примена на правилникот за ЕКТС, во БАС е формирана посебна Комисија за трaнфер на ЕКТС. Во Прилог 4.3.Б е дадена табела, односно, листа со студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење, вклучувајќи и за време на реализирани мобилности, за последните пет години.

**Прилози**

4.3.А Правилник за ЕКТС на БАС
4.3.Б Листа на студенти со признато учење според ЕКТС

| | |
|---|---|
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |

Дипломата (прилог 4.4.А и 4.4.Б), уверението (прилог 4.4.В и 4.4.Г) и додатокот на диплома (прилог 4.4.Д) на БАС се изготвуваати се издаваат согласно Законот за високо образование (Сл. в.бр. 82/2018)  и Правилниците за изгледот и содржината на дипломата, додатокот на дипломата и другите јавни исправи на установата (Сл. в. бр. 102/2018 и Сл.в.бр 67/2025), а дополнително се уредуваат со Интерниот правилник на БАС за дипломата, додатокот на дипломата и другите јавни исправи на БАС, достапен на веб страната во делот „Информации од јавен карактер (линк https://bas.edu.mk/za-bas-2/informacii-od-javen-karakter/).
Дополнителна информација: Со донесувањето на новиот правилник за содржината и формата на дипломата и другите јавни исправи (Сл. вес. Бр 67 од 28.03.2025) БАС подготви нов правилник и ги направи соодветните прилагодувања на документите согласно новите критериуми, кој во моментот на пишување на овој документ е во фаза на одобрување и усвојување од Наставничкиот совет и Органот на основачи на БАС. Прилагодените, односно ажурираните диплома, уверение и додаток на диплома согласно новиот правилник (Сл. вес. Бр 67 од 28.03.2025), се дадени во прилозите 4.4.Е, 4.4.Ж, 4.4.З, 4.4.Ѕ и 4.4.И.

**Прилози**

4.4.А Диплома за завршен прв циклус на БАС (стар правилник)
4.4.Б Диплома за завршен прв циклус на БАС (стар правилник)
4.4.В Уверение за положени предмети на прв циклус на студии на БАС (стар правилник)
4.4.Г Уверение за положени предмети на втор циклус на студии на БАС (стар правилник)
4.4.Д Додаток на диплома за прв циклус на студии на БАС (стар правилник)
4.4.Ѓ Додаток на диплома за втор циклус на студии на БАС (стар правилник)
4.4.Е Диплома за завршен прв циклус на студии на БАС (нов правилник 2025)
4.4.Ж Диплома за завршен втор циклус на студии на БАС (нов правилник 2025)
4.4.З Уверение за положени предмети на прв циклус на студии на БАС (нов правилник 2025)
4.4.Ѕ Уверение за положени предмети на втор циклус на студии на БАС (нов правилник 2025)
4.4.И Додаток на диплома (нов правилник 2025)

**Стандард 5**

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[3] | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |

Наставниот кадар на БАС го сочинуваат 10 (десет) наставници, сите вработени во редовен работен однос (Прилог 5.1.Е). Од нив 6 наставници имаат звање професор на висока стручна школа, а 3 имаат звање виш. предавач, а 1 наставник има звање предавач на висока стручна школа (Прилог 5.1.А);
Бизнис академија Смилевски располага со искусен и компетентен кадар, кој на студентите им пренесува современо знаење стекнато преку формалните образовни канали, богато неформално образование, присуство на конференции, собири и сл., учество во проекти како и реализација на научно – истражувачка работа.
При вработување на кадарот почитувани се одредбите од ЗВО член 169, 171,171 и 173. Вработувањето на кадарот е вршено преку јавно објавени Конкурси, а секој кандидат имаше обврска да помине хаблитациона работилница (востанова практика на спроведување наставна средба со евалуација од страна на студентите и претставник од наставниот кадар на БАС), како еден од условите за вработување на БАС.
Наставниот кадар е избран во 8 (осум) наставни области: Оперативен менаџмент, Стратегиски менаџмент, Менаџмент на човечки ресурси, Проектен менаџмент, Економија, Маркетинг, Претприемаштво, Организациско однесување и комуницирање, што овозможува покриеност на значителен процент од предметите кои се опфатени со студиските програми на прв и втор циклус на студии (Прилог 5.1.Б). Согласно со измените на и новата Фраскатиева уредба од 2024 година, кај сите наставници е направено усогласување на областите во кои претходно биле избрани, со области во изменетата Фраскатиева уредба од 2024 година. Согласно ваквото усогласување 8 (осум) наставници се избрани во областа Менаџмент и бизнис, а двајца наставници во областа Маркетинг (Прилог 5.1.В).
За наставните предмети за кои БАС има потреба за ангажирање на дополнителен кадар, се применуваат одредбите од ЗВО (Службен весник на Р. Македонија бр. 82/18), член 179, како и врз основа на одредбите на Статутот на БАС, член 154, став 1, врз основа на општо декларираната академска соработка меѓу високообразовните установи во Р. С. Македонија,
Во периодот од 2020 до 2025 година, ангажирани се 4 (четири) наставници од други ВОУ (Прилог 5.1.Г). Целопупната постапка за ангажирање на наставниците од други ВОУ е спроведена врз основа на член 179 од ЗВО.
Ангажираноста на наставниот кадар е според одредбите од ЗВО, со што ниту еден наставник нема повеќе од 4 (четири) наставни предмети по семестар за прв циклус на студии и 2 (два) наставни предмети по семестар за втор циклус на студии (Прилог 5.1.Д).
Согласно член 181 од ЗВО, Бизнис академија Смилевски ангажира истракнати стручњаци од практиката по одредени наставни предмети. Во периодот од 2020 – 2025 година ангажирани се 17 истакнати стручњаци од практиката по 12 наставни предмети (Прилог 5.1.Ѓ)
Со овој состав на вработени БАС обезбедува квалитетен наставен кадар, соодветен на профилот и концептот на студиските програми за прв и втор циклус на студии. Сите објави се објавуваат во Билтенот на БАС на вебсајтот, кој може да се најде на линкот: https://bas.edu.mk/novosti-i-soopshtenija/bas-bilten/ а дополнително, сите акти поврзани со кадарот се објавуваат и на нивниот профил на вебсајтот на БАС, поточно на линкот: https://bas.edu.mk/za-bas-2/bas-kadar/

**Прилози**

Прилог 5.1.А Професионални биографии на наставниот кадар на БАС во Euro pass формат
Прилог 5.1.Б Одлуки за избор во звање на наставниот кадар на БАС – стара Фраскатиева;
Прилог 5.1.В Одлуки за усогласување на избор на наставниот кадар на БАС – нова Фраскатиева;
Прилог 5.1.Г Список на наставен кадар ангажиран од други ВОУ;
Прилог 5.1.Д Список на предмети по наставник за прв и втор циклус на студии;
Прилог 5.1.Ѓ Список на истакнати стручњаци од практиката за периодот од 2020 – 2025 г.;
Прилог 5.1.Е М1/М2 обрасци за наставниот кадар

| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |
|---|---|

Во периодот од 2020 до 2025 година Бизнис академија Смилевски, бележи значителна продуктивност во поглед на науката. Во изминатиот пет годишен период БАС бележи 57 (педесет и седум) објавени трудови (Прилог 5.2.А). Сите објавени трудови кореспондираат со студиските програми за прв и втор циклус на студии, а наставниот кадар се усовршува во областа во која е избран, во соодветното наставно звање. На ваков начин се придонесува за поквалитетна настава со студентите и продлабочување и осовременување на практичните примери кои се споделуваат со нив.
Бизнис академија Смилевски и соорганизатор на меѓународна научна конференција „Современите менаџерски предизвици и организациските науки“,од која се продуцираат и најголемиот дел научни трудови на наставниот кадар на БАС. Конференцијата се одржува секоја втора година и има посебен тематски фокус, кој е избран од страна на меѓународен програмскиот одбор. Во тој контекст во 2020 година е одржана шестата меѓународна научна конференција со тематски фокус „Дигитализацијата и сајбербезбедноста како менаџерски предизвици“. Во 2022 е одржана седмата меѓународна научна конференција со тематски фокус „.Академски и менаџерски предизвици, остварувања и научени лекции од земјите во транзиција кон пазарно стопанство а, во 2024 година е одржана осмата меѓународна научна конференција со тематски фокус „Образованието и бизнисот во глобалните мегатрендови“,во рамките на која е одржана и работилница на тема „Транзиција од индустрија 4.0 кон индустрија 5.0“ со Џерџ Хорват од Fraunhofer Institute for Systems and Innovation Research ISI.
Конференцијата има меѓународен Програмски одбор од 12 различни држави, еден од нив со академско звање емеритус. Конференцијата е особено значајна и за студентите од втор циклус на студии, кои заедно со менторите на нивните специјалистички трудови имаат можност да ги презнетираат истражувачките резултати од своите трудови (Прилог 5.2.Б и 5.2.В).
Согласно на тоа дека мисијата на меѓународната конференција на БАС е размена на нови идеи и пристапи кон определени менаџерски предизвици поврзани со конкурентноста, преку презентирање на резултатите од современите научни истражувања во областа на организациските науки и менаџментот, економијата, информатичките науки и образованието, споделувањето на истражувачките резултати има голема улога за развојот на наставниот кадар на БАС кој го обогатува фондот на студии на студии на случај, кои се користат за време на наставниот процес.
Вкупната идавачка дејноста на БАС се одвива според Правилникот за издавачка дејност (Прилог 5.2.Г).
Издавачката дејност се остварува преку издавање на учебници, учебни помагала, студии, списанија, годишници, зборници и друга прирачна литература, рекламен материјал, формулари и обрасци, и други материјали потребни за извршување на дејноста на БАС.
БАС исто така е организатор на Симпозиум „Менаџментот и современите практики“. Во перидот од 2020 до 2025 година одржан е седмиот Симпозиум во 2021 година, на кој учество имаа и студенти од БАС (Прилог 5.2.Д)

Прилози

Прилог 5.2.А Табела со објавени трудови во периодот од 2020 до 2025 година, по години и азбучен ред според презимето на вработените;
Прилог 5.2.Б Извештаи од последните три одржани меѓународни научни конференции Современите менаџерски предизвици и организациските науки;
Прилог 5.2.В – линк до објавените Зборници на трудови од конференциите во прилог 5.2.Б https://basim.edu.mk/konferencii/
Прилог 5.2.Г – линк Правилник за издавачка дејност https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/pravilnikizdavackadejnost.pdf
Прилог 5.2.Д линк Зборник од седми симпозиум на БАС https://bas.edu.mk/books/zbornik-na-trudovi-sedmi-struchen-simpozium-menadzmentot-i-sovremenite-praktiki/

| | |
|---|---|
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.4;<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |

При креирањето на наставните планови и оптовареноста на наставниот кадар се внимава на критериумите согласно ЗВО член 161 ставови 9 и 10. Во табелите дадени во прилог 5.3.А е даден пример за академската година 2023/2024, каде се гледа дека кадарот на БАС во редовен работен однос држи меѓу 3 и 8 предмети на прв циклус и меѓу 0 и 3 предмети на втор циклус на студии, каде што оптовареноста по часови по предмет е меѓу 1 и 3 часа неделно. Ваквата ситуација приближно се повторува и во претходните академски години, предмет на оваа самоевалуација.

Табелите дадени во прилог 5.3.А се однесуваат на предметите кои се реализираат во текот на целата академска година, односно зимскиот и летниот семестар. При тоа се внимава, оптовареноста на наставниците да не е поголема од 8 часа неделно. Согласно табелите, оптовареноста движи меѓу 2 и 7 часови настава неделно. Оптовареноста на наставниците е внимателно изработена и пресметана согласно елаборатите за акредитираните студиски програми од прв и втор циклус. Овие табели се дадени во прилог 5.3.Б. Елаборатите се уредно архивирани и достапни за увид на барање. Дополнително ги доставуваме и усвоените календари за настава и предвидени активности во рамки на зимскиот и летниот семестар како и усвоените покриености на наставата за академската 2023/2024 година . (Прилози 5.3.В и 5.3.Г)

Во периодот на составување на овој Извештај, во БАС се вработени десет лица во наставо-научни звања во работен однос со полно работно време. Како доказ доставуваме м1-м2 обрасци од наставен кадар со полно работно време во БАС во прилогот 5.3.Д.

**Прилози**

Прилог 5.3.А Преглед за бројот на одржани часови по наставник за предмет
Прилог 5.3.Б Табела за фонд на часови по наставник и наставна група
Прилог 5.3.В Календари за зимски и летен семестар 2023-2024г.
Прилог 5.3.Г Усвоена покриеност на настава за академска 2023-2024 г.
Прилог 5.3.Д М1/М2 Обрасци за наставен кадар со полно работно време во БАС

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |

Вработувањето на наставен кадар, како и при изборите, реизборите и унапредувањето на наставниците на Бизнис академија Смилевски БАС, се врши врз основа на одредбите кои се во Законот за високото образование, Статутот на БАС, Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места и деловните функции на БАС, Органограмот на БАС и Правилникот за избор во звања на Бизнис академија Смилевски.
Прегледот на лица избрани во наставни звања, кој се однесува на периодот 2020-2025 година, потврдува дека се воведени транспарентни и во согласност со законските нормативи, процеси на унапредување, односно избор на наставниот кадар во повисоки звања, како и постапки за нови вработувања на наставници, при што процесот се базира врз академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите. БАС исто така посебно обрнува внимание за навремено спроведување на постапките со почитување на сите законски одредби од ЗВО. Во периодот од 2020 – 2025 година се објавени следните Конкурси:
*Во 2021 година се објавени два Конкурси и тоа:*
Конкурс за ре-избор на еден наставник со полно работно време во сите наставни звања за наставната област: Претприемаштво. Пријавен еден кандидат м-р Горазд Смилевски. Избран еден кандидат м-р Горазд Смилевски во

наставно звање виш предавач за наставната област Претприемаштво;
Конкурс за избор на еден наставник во повисоко наставно звање со полно работно време за наставната област: Оперативен менаџмент. Пријавен еден кандидат Иван Ѓоргиевски. Избран еден кандидат Иван Ѓоргиевски во наставно звање виш предавач за наставната област Оперативен менаџмент.
*Во 2022 година објавен е еден Конкурс и тоа:*
Конкурс за избор на еден наставник во сите наставни звања за наставната област: Економија и маркетинг. Пријавен еден кандидат Дијана Ивановска Пржо. Избран еден кандидат Дијана Ивановска Пржо во наставно звање професор за наставната област Економија и Маркетинг;
*Во 2023 година објавени се три конкурси и тоа:*
Конкурс за избор на еден наставник во повисоко наставно звање со полно работно време за наставната област: Организациско однесување и комуницирање.
Пријавен еден кандидат Билјана Галовска. Избран еден кандидат Билјана Галовска во наставно звање виш предавач за наставната област Организациско однесување и комуницирање;
Конкурс за избор на еден наставник во сите наставни звања за наставната област  Менаџмент на човечки ресурси. На конкурсот нема пријавени и избрани кандидати;
Конкурс за избор на еден наставник во сите наставни звања за наставната област. Менаџмент на човечки ресурси. На конкурсот нема пријавени и избрани кандидати;
*Во 2024 објавен е еден конкурс и тоа:*
Конкурс за избор на еден наставник во сите наставни звања за наставните области:
Маркетинг менаџмент во постојан работен однос; Менаџмент на човечки ресурси во постојан работен однос; Бизнис менаџмент во постојан работен однос; Стратегиски менаџмент во постојан работен однос;
Претприемаштво во постојан работен однос;
Деловно комуницирање во постојан работен однос;
Математика во постојан работен однос;
И Друго.
На конкурсот се пријави кандидатката Анета Шикалеска. Избрана беше кандидатката Анета Шикалеска. Рецензентската комисија ја избра во звањето професор во наставната област Математика.
*Во 2025 објавен е еден Конкурс и тоа:*
Конкурс за избор на: Наставник во наставната област: Економија во постојан работен однос;
Наставник во наставната област: Менаџмент на човечки ресурси во постојан работен однос.
На конкурсот се пријави еден кандидат Давид Салтамарски. Избран еден кандидат Давид Салтамарски во наставно звање предавач, за наставната област Економија;
Бизнис академија Смилевски исто така редовно ги прати сие измени кои се случуваат во ЗВО и обезбедува доследна примена на тие измени, како и ревидирање на актите на академијата, вклучувајќи ги процесите за избор во звања и кадровската политика на академијата што овозможува еднакви можности за сите.
Врз основа на измените во ЗВО од 19.04.2024 година, а врз основа на измените во Уредбата за утврдување на на научно – истражувачките полиња од трето ниво (области), БАС направи усогласување на изборите на наставниот кадар на БАС.
Исто така во БАС се посебно назначени координатори за теренската студентска практика, кои овозможуваат организираност и следливост на процесот на пракса, преку уредно изготвена програма за Практична настава со студентите, која се одвива во голем број организации во Битола, Прилеп и Скопје.

**Прилози**

Прилог 5.4.А Статут на Бизнис академија Смилевски – БАС, https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/basstatut.pdf;
Прилог 5.4.Б Органограм на БАС, https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/bas_organigram2022.pdf;
Прилог 5.4.В Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места и деловните функции на Бизнис академија Смилевски – БАС https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/pravilnikzasistematizacija.pdf;
Прилог 5.4.Г Правилник за избор во звања на Бизнис академија Смилевски – БАС, https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/pravilnikzaizborvozvanje.pdf;
Прилог 5.4. Д Реферат за избор на наставник во наставно звање - https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2025/02/referat-david-saltamarski.pdf
Прилог 5.4.Ѓ Линк до билтен на вебстраната на БАС - https://bas.edu.mk/novosti-i-soopshtenija/bas-bilten/

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Согласно Статутот на БАС прилог 5.5.А, а преку деловна соработка со надлежна институција од областа на безбедност и здравје при работа (БЗР), БАС извршува редовно обучување на административниот и академскиот кадар. Во прилог 5.5.Б е даден конкретен пример за постапување по условите и критериумите на БЗР, поточно прилогот претставува извештај за изготвена проценка на ризик на работни места.
Бизнис академија Смилевски располага со соодветна и современа опрема и наставни средства за вршење на високообразовна дејност. Видот, бројот и намената на овие средства одговара на нормативите и стандардите пропишани со ЗВО. Во прилогот 5.5.В се дадени пописите на функционалната опрема како и изворите на финансирање за набавката на истите. Во БАС се назначени локациски координатори кои се надлежни за просторот и опремата согласно двете локации на БАС во Скопје и Битола. Овие координатори имаат за задача тековно да го следат, одржуваат, поправаат и заменуваат инвентарот и сета техничка опрема со која БАС располага како би се задржал квалитетот на наставата и работата на кадарот. Набавките во последните 5 години се вршат од сопствените средства на БАС.

Студентите и кадарот располагаат со пристап до електронскиот образовен портал (линк: http://portal2.bas.edu.mk ) каде постои база на достапна и релевантна литература поврзана со студиските програми. Дополнително, кадарот на БАС во рамки на програмите за обнова на литературата или пак во рамки на научноистражувачката дејност, имаат право да побараат од наставничкиот совет или управата на БАС поддршка за влез во било која светска релеватна електронска база поврзана со дејноста на БАС. Во моментов, академскиот кадар на БАС се служи со базите кои нудат слободен или отворен пристап, како што се scholar.google.com, researchgate.com, academia.com. На крајот, БАС, активно работи кон воспоставување на соработки со реномираните електронски бази, како што е Ebsco или сличните на нив.

Вкупниот простор на двете локации има: 1520.475 м2, а поделена по локации е: Скопје 448,83 м2, Битола 1071,645 м2. Деталната разработка по локациите како и опис на просторните услови е дадена во прилог 5.5.Г.

**Прилози**
Прилог 5.5.А Статут на БАС
Прилог 5.5.Б Проценка на ризик на работни места
Прилог 5.5.В Попис на функционална опрема и информатичка технологија и извори на финансирање
Прилог 5.5.Г Преглед и опис на просторните услови на БАС

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма .<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.
Бизнис академија Смилевски БАС во континуитет веќе години наназад придонесува кон унапредување на наставните процеси преку професионално усовршување на кадарот (Прилог 5.6.А). Заедно со поттикнување на научно-истражувачка дејност како клучен дел од нивниот развој, БАС се стреми кон одржување на високи стандарди и подобрување на квалитетот во високото образование. За таа цел постојано се организираат обуки, работилници и

програми за професионален развој кои придонесуваат во процесот на модернизација на наставните методи и унапредување на компетенциите особено во делот на користење на дигитални алатки. Како уникатна работилница која е насочена кон подобрување и осовременување на наставниот процес се издвојува ДЕАН работилницата (дидактика за ефективна настава). Оваа работилница има за цел преку споделување на добри практики значително да влијае на осовременување на наставата, целосно користење на дигиталната инфраструктура (Moodle, софтвер и AI) и воведување единствени стандарди за оценување.
Паралелно наставниот кадар учествува во проекти за развој на меки вештини организирани и спроведени од надворешни институции: МОН и Светска банка; ИПА проект – Г.Е.М.С. Стимулирање на зелени вработувања преку кој значително се унапредија зелените компетенции на наставниот кадар; Менторска поддршка на кампот за иновации организиран од страна на Џуниор ачивмент преку кој се подобри менторскиот процес на кадарот; аплицирање на проекти во и надвор од рамките на Еразмус плус програмата со што се зајакнаа компетенциите во делот на проектен менаџмент.
Секој наставник во БАС има можност да користи еден ден во неделата од календарската година за професионално усовршување и дополнителни 5 (пет) работни денови платено отсуство исто така за дополнителни професионални ангажмани кои позитивно влијаат на неговиот личен професионален развој.
На секој докторант му се обезбедени бенефиции во вид на целосна техничка поддршка во текот на докторските студиите.
Целосно се покриени обуките од страна на БАС за унапредување на дополнителни компетенции на вработените согласно новите потреби (обуки за финансиска писменост; обука за маркетинг на социјални медиуми).
За зајакнување на научно-истражувачката дејност БАС целосно ги покрива трошоците на котизација за учество на конференции во земјава и странство и објавување на стручни и научни трудови. Целосно се покриваат патни трошоци за учество на настани со едукативни содржини, саеми, семинари, дебати, работилници и тркалезни маси.
За следење на најновите случувања и трендови во менаџментот кои потоа како научени лекции и искуства адекватно се вклучуваат во наставниот процес БАС целосно ги организира и реализира Менаџерските муабети како составен дел од Научната конференција која исто така е во организација на БАС.
Организирање на тим билдинг активности (секоја година) заради јакнење на тимскиот дух и поттикнување на меѓусебна соработка, подобра мотивација, подобри колегијални активности, конструктивна комуникација и подобра работна атмосфера.
Финансиски надоместоци за професионално усовршување се пропишани и во Правилникот за плати, додатоци, надоместоци и други примања на вработените и соработниците на Бизнис академија Смилевски – БАС, посебно опишано во член 23 став 14, од овој Правилник (Прилог 5.6.Б).

**Прилози**

Прилог 5.6.А Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава;
Прилог 5.6.Б Правилник за плати, додатоци, надоместоци и други примања на вработените и соработниците на Бизнис академија Смилевски – БАС
Прилог 5.6.В Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години; Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

Бизнис академија Смилевски има соработка со визитинг наставници од истакнати ВОУ во странство. Соработката вклучува одржување наставна средба и учество во други форми на соработка како проекти, конференции, работилници и сл., Профилот на визитинг наставниците, афирмираните научници и истакнатите стручњаци од практиката имаат богат професионален развој и афирмираност во научната фела.
Во тој контекст ја наведуваме следната соработка со визитинг наставници на БАС (Прилог 5.7.А):
Живан Живковиќ, Универзитет Белград, факултет во БОР, катедра за индустриски менаџмент;
4.11. 2020, Odabrana poglavlja iz Strategijskog menadzmenta, втор циклус на студии, наставен предмет Стратегиски менаџмент;
Слободан Ќамиловиќ Sveučilište/Univerzitet “Vitez”, Travnik, BiH ;
16.09.2020, Систем плата и награђивања, втор циклус на студии, наставен предмет Менаџмент на човечки ресурси;
Петер Одри, Универитет Дунајварош Унгарија (афирмиран научник)

4.11.2022 г., Пленарно предавање за седмата меѓународна научна конференција на БАС, на тема: Временски и просторен тек на индустриската (стопанска) транзиција во источна Европа, Универзитет Дунаујварош, Унгарија;
01.11.2024 г., Пленарно предавање на осмата меѓународна научна конференција на БАС на тема: Идната улога на вештачката интелигенција во бизнисот и менаџментот - Универзитет Дунаујварош, Унгарија;
4. Џерџ Хорват Фраунхофер Институт ISI, Карлсруе, Германија (афирмиран научник);
31.10.2024 г. Предавање на тема: Транзиција од индустрија 4.0 кон индустрија 5.0, во рамките на претконференциските активности на осмата меѓународна научна конференција, Современите менаџерски предизвици и организациските науки“ на БАС;
1.11.2024 г. Пленарно предавање на осмата меѓународна научна конференција на БАС, на тема: Индустрија 5.0: Искористување на синергијата помеѓу човечките компетенции и технологијата за да се одржи конкурентноста - Фраунхофер Институт ISI, Карлсруе, Германија;
5. Николаос Шарисиу, Универзитет на Западна Македонија, катедра а хемиско инженерство, Р. Грција (афирмиран научник);
Пленарно предавање на осмата меѓународна научна конференција на БАС, на тема:
Критичната улога на Универзитетот во Западна Македонија за време на енергетската транзиција на регионот, Универзитет за Западна Македонија, Катедра за хемиско инженерство, Грција;
Nikolas Chrarisou - Air pollution levels at an area under energy transition (Western Macedonia, Greece), INTERREG IPA CROSS BORDER COOPERATION PROGRAMME "GREECE -REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA 2014-2020": Across Border Educational and Technological innovation Hot-Spots/GEMS (2022-2023)
6. Goula Maria (афирмиран научник) - Across Border Educational and Technological innovation Hot-Spots/GEMS, INTERREG IPA CROSS BORDER COOPERATION PROGRAMME "GREECE -REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA 2014-2020": Across Border Educational and Technological innovation Hot-Spots/GEMS (2022-2023)
Врз основа на член 181 од ЗВО Бизнис академија Смилевски во рамките на наставниот процес, за одделни делови од наставната програма, а во периодот од 2020 до 2025 година, има ангажирано 17 (седумнаесет) стручњаци од практиката и тоа (Прилог 5.7.Б).

**Стручњаци од практиката за 2020 г.**

- 23.01.2020 Ана Риствевска- Маркетинг
- 23.01.2020 Васил Стамболиски - два наставни предмети: Грижа и однесување со корисниците и Однесување со корисниците

**Стручњаци од практиката за 2021 г.**

- 20.01.2021 Марјан Танушевски – Екестрени и интерни односи со јавност, Односи со јавност;
- 17.03.2021 Ана Ристеска -Иновативен менаџмент

**Стручњаци од практиката за 2022 г.**

- 04.03.2022 Марјан Танушевски – Медиумска писменост, Односи со јавност;
- 04.03.2022 Санде Смиљанов - Менаџерска етика и протокол
- 04.03.2022 Клаудија Лутовска - Основи на проектен менаџмент за наставната содржина „Креирање на проекти применливи за централната и локалната власт и бизнис секторот“
- 04.03.2022 Предраг Стојковски – Маркетинг за наставната содржина „Маркетинг истражување (дигитален маркетинг)“
- 23.05.2022 Весна Атанасова -Деловно преговарање на тема „Детерминирачки фактори и тактики во преговарачкиот процес“
- 23.05.2022 Зоран Илиевски -Стратегиско водство за наставната содржина „Способности и компетенции на стратегискиот водач“

**Стручњаци од практиката за 2023 г.**

- 21.02.2023 Марјан Танушевски – Екестрени и интерни односи со јавност, Односи со јавност
- 23.03.2023 Ѓорги Јанев - Менаџмент на човечки ресурси
- 06.10.2023 Кристина Крстеска - Менаџмент на човечки ресурси

**Стручњаци од практиката за 2024 г.**

- 22.03.2024 Дражен Котески – Маркетинг аспекти на човечки ресурси за наставната содржина „Улогата на социјалните мрежи кај човечките ресурси“
- 20.05.2024 Александар Османли – Бренд менаџмент за наставната содржина „Улогата на брендот во градењето на бренд имиџот кај компаниите“
- 29.11.2024 Горан Каранфилов - Основи на оперативен менаџмент за наставната содржина „Развој на нови производи преку практични примери “

**Стручњаци од практиката за 2025 г.**

- 26.02.2025 Никола Бабовски - Влијанието на тоталниот менаџмет на квалитет во градењето на ефикасна верига на набавки-примери од практиката, наставен предмет Менаџирање со верига на набавки;

**Прилози**

Прилог 5.7.А Биографии на визитинг наставници;
Прилог 5.7.Б Биографии на истакнати стручњаци од практиката;

| | |
|---|---|
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Научно – истражувачката дејност на Бизнис академија Смилевски се одвива во рамките на научното поле Организациски науки и управување (менаџмент). Дел од истражувањата неминовно опфаќаат делови и од други научни области, со цел да се добие холистичко разгледување на поставениот предмет и проблем на истражувањето.
Во 2020 година БАС е нарачател на
истражувачката програма со наслов „Интересот на младите и возрасните за студирање и работење во ерата на ди гитализацијата и сајбер- заштитата". Во реализацијата на овој истражувачки проект се склучи договор за соработка со фондацијата БАС Институт за менаџмент Битола (поранешен институт) (Прилог 5.8.А) во кој активни членки се наставниот кадар на БАС и останати други научни работници кои се членови на фондацијата; истражувачките резултати од истражувањето посветено на
проблемот на истражувањеза интересот на младите и возрасните за студирање, а потоа и за работење на менаџе рски позиции во ерата на дигитализација и сајбер безбедноста, резултираше со научни трудови и презнетирање на дел од резултатите на шестата меѓународната научна конференција на БАС „Современите менаџерски предизвици и организацикитe науки"со поесебен тематски фокус
„Дигитализацијата и сајбер безбедноста како менаџерски предизвик".
Во 2021 година во рамките на истата истражувачка програма продолжија научно -истражувачките активности со два истражувачки потфати и тоа:
Истражувачки потфат 1:Дигиталното претприемаштво како современ предизвик , во кој
беа опфатени следниве два програмски приоритета:
Интересот на младите и возрасните за студирање и работење во ерата на дигитализација и сајбер
заштитата и Дигиталното претприемаштво како современ предизвик.
Истражувачки потфат 2:
Ефективноста на акциските интервенции за системско воведување на организациското учење во практиката на орган изациите на Северна Македонија, во чии рамки во 2021 година се спроведе пилотната фаза за
„Мапирање на практиките на организациското учење во организациите на Северна Македонија".
На 32-та Меѓународна конференција „Знаење за развој", одржана во Струга на 19-22.8.2021
година, соработниците на Фондацијата: проф. д- р Цветко Смилевски, пред. м-р Горазд Смилевски, пред. м-
р Билјана Галовска и пред. м-
р Иван Ѓорѓиевски, ги презенатираа наодите од спроведената пилотната фаза на истражувањето Мапирање на практи ките на организациското учење во организациите на Северна Македонија.
Во почетокот на 2022 година со он - лајн анкета се спроведе пилотно истражување на темат:
„Мапирање на практиките на организациското учење во организациите на Северна Македонија". Предметот на ова пи лотно истражување го опфаќаше програмскиот приоритет „Менаџментот на знаење и организациската меморија во ер ата на дигитализацијата" (Прилог 5.8.Б).
Врз основа на наодите од пилтоната фаза и дополнителните теориски проучувања,
соработниците на Фондацијата пристапија кон подготовка на истражувачки проекти по определни компоненти од Интег ралниот модел на ОУ тестиран во пилотната фаза. Тројца сорбаотни на Финдацијата ги подготвија истражувачките пр оекти од оваа област како нивни докторски истражувања: ПП-
1 Придонесот на развојот на личното мајсторство на вработените во зголемувањето на организациската ефеткивност – пред. м-р Билјана Галовска ПП-2 Придонесот на практиките на менување на менталните модели на вработените во спроевдување на организациски промени – пред. м-р Горазд Смилевски и ПП-
3 Придонесот на развојот на системското размислување на вработените во подигањето на нивото на организациската интелигенција – пред. м-р Иван Ѓорѓиевски.
Овие истражувачки проекти беа презнетирани и високо оценете на докторските конференции на нивните три матични факултети (Прилог 5.8.Ѓ).
БАС во континуитет обрнува внимание на научно – истражувачкта дејност и ги финансира од сопствени средства, па во тој контекст истакнуваме дека БАС и пред 2020 година, има значителен импкат преку реализација на уште два макропроекти во кои БАС се јавува како нарачател преку склучена соработка со БАС Институтот за меанџмент Битола.
Тие проекти се:
Развивање на стратегиски фокусирани организации за конкурентност (РСФОК) и
Вилијанието и иновациите врз развојот на организациите (ВИКО).
Еден од позначајните проекти е проектот насловен „Поттикнување на зеленото вработување: прекугранична едукација

и технолошки иновации Hot – Spots / G.EM.S.“, кој имаше за цел да им помогне на регионите-учеснички да се оддалечат од нивните тековниот ниски економски пристап заснован на кафеава боја (низок квалитет на работа, ниска заштита на животната средина, ниски вештини), кон
„висока“ одржлива економија заснована на зелено (високи вештини, висока продуктивност, висока заштита на животната средина). Проектот беше во рамките на програмата за прекугранична соработка INTERREG IPA „Грција - Република Северна Македонија (Прилог 5.8.В, Прилог 5.8.Г, Прилог 5.8.Д)
Централна активност на тој проект беше изработка на една Регионална и 10 (десет) компаниски стратегии за транзиција кон зелена економија. Наставниот кадар на БАС комплетно учествуваше во реализацијата на овој проект. Исто така во рамките на овој проект беа изработени и 10 (десет) бизнис планови.
Најнов развоен проект е проектот „Алијанса за здрава храна од Пелагонија и Преспа“ кој ќе се реализира во периодот од 2024 до 2026 година. Намерата на оваа иницијатива е да се воспостави одржлива Алијанса (сојуз) на клучните регионални и национални чинители кои обединети, заеднички и континуирано ќе  дејствуваат во процесот на добивање, процесирање и испорака на брендирана здрава храна со географско потекло од Пелагонија-Преспа регионот како носечки регион во државата во производството на храна (Прилог 5.8.Е).
Ваквата намера ќе се оствари со развојниот карактер на овој проект: воспоставената Алијанса за здрава храна паралелно со градењето на својата структура да спроведе целокупен процес на брендирање, заштита и маркетирање на 10 производи со географска ознака од Пелагонија и Преспа регионот, како активна проектна интервенција за развивање капацитети кај компаниите членки на Алијансата за натамошно континуирано самостојно брендирање на здрава храна од овој регион. На тој начин, како придружна корист ќе биде афирмирање на Пелагонија и Преспа регионот за производство на здрава храна со географско потекло.  Проектот засега е финансиран од сопствени финансиски средства на БАС.
Резултатите од научно – истражувачката дејност се особено корисни за наставната дејност на БАС, не само преку презентирање на дел од резултатите како поткрепа на теоретскиот осврт на наставникот, туку и креираните студии на случај во секој наставен предмет. Студентите на втор циклус на студии заедно со своите ментори изработуваа теми поврзани гореспоменатите истражувачки програми, а дел од нив ги презентираа резултатите на меѓународните научни конференции на БАС.
Во рамките на Еразмус + програмата, БАС континуирано склучува Меморандуми за соработка и разбирање со други Универзитети и факултети во странство, посебно во регионот и испраќа свои студенти на едно семестрален престој. Такви примери се во Ријека, Запрешиќ и Сплит Р. Хрватска, Истанбул Р. Турција, а исто така редовно и наставниот кадар на БАС учествува на неделите за размена на кадар во рамките ан Еразмус +, на кои наставниот кадар на БАС одржува и наставни средби за тамошните студенти.
Покрај можноста за учество во научно – истражувачки проекти на БАС, наставниот кадар самостојно истражува во области кои се од интерес на наставникот, за што доказ се бројните објавени научни трудови со списанија кои се рецензирана или во Зборници од меѓународни научни конференции.

Прилози

Прилог 5.8.А Договор за соработка БАС и БАСИМ
Прилог 5.8.Б Извештаи од работата на БАС ИМ за 2020, 2021 и 2022 г. – достапни на линковите:
https://basim.edu.mk/wp-content/uploads/2023/09/izvestaj-basim-2020.pdf;
https://basim.edu.mk/wp-content/uploads/2023/09/izvestaj-za-rabotata-na-fondacijata-bas-im-vo-2021-godina.pdf;
https://basim.edu.mk/wp-content/uploads/2023/09/izvestaj-2022-za-rabotata-na-fondacijata-bas-im-vo-2022-godina.pdf,
Прилог 5.8.В Линк до официјалната страна на ГЕМС https://gemsproject.eu/
Прилог 5.8.Г Линк до официјалната страна на социјални медиуми на ГЕМС https://www.facebook.com/gemsprojecteu
Прилог 5.8.Д Концепт на проектот ГЕМС и пропратна документација;
Прилог 5.8.Ѓ Табела со објавени трудови на наставниот кадар на БАС
Прилог 5.8.Е Развоен проект „Алијанса за здрава храна од Пелагонија и Преспа“ и концепт.

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |

Бизнис академија Смилевски БАС од своето основање до денес, активно ја користи Moodle платформата како алатка за реализирање на наставата (http://portal2.bas.edu.mk/) Истата постојано се осовременува и модернизира согласно новите барања и промени. Исклучително е важно да се истакне нејзината корисност во одржување комуникација со студентите и соработниците. Структурирана е на начин кој во секое време обезбедува информации кои се неопходни за следење на образовните процеси. Студентите имаат можност на едно место да ги добиваат сите информации поврзани со наставата. Професорите пак имаат можност да ги стават на располагање сите материјали кои се неопходни за следење на наставата (презентации, планови, вежби, задачи) и дополнителна литература. Испитите исто така се спроведуваат со помош на оваа платформа. Секој студент/наставник/соработник добива обука за користење на оваа алатка заради правилно користење. Во делот chat студентите имаат можност да постават прашања и добијат одговор real time. ИТ администраторот во континуитет ги следи сите новитети кои се имплементираат во оваа

платформа и целосно ги пренесува на сите корисници се со цел комуникацијата да може да се одвива на едно завидно ниво. Преку оваа платформа, на едно место се евидентираат и ажурираат академските досиеја на студентите, вклучувајќи ги податоците за нивните студиски активности и постигнувања
Друга платформа која особено го олеснува процесот на комуникација е https://app.asana.com/1/1112190706460282/home . Ова е алатка која помага полесно да се следи работата, да се креираат задачи, поставуваат рокови и приоритети и да се следи текот на работата. Значително ја подобрува ефикасноста и ефективноста во работењето, особено со појавата на Ковид кризата и потребата од хибридно работење.
Од 2023 година БАС започна со имплементација на специјализирана софтверска платформа (Https://bas.classter.com ) што овозможува систематизирана обработка на податоци, Софтверот претставува и централен хаб за управување со студентските информации. Податоците кои се прибираат преку овие системи овозможуваат сеопфатен увид во интересот за студиските програми, бројот на запишани и завршени студенти по ниво на студии, како и динамиката на испис.
Од особено значење во процесот на споделување нови и иновативни решенија во образовниот процес е ДЕАН обуката која се реализира од страна на професорите во БАС, а има за цел да ги пренесе сите новитети и трендови во образовниот процес, иновативни решенија кои го олеснуваат процесот на предавање и сите останати иновативни методи и алатки во овој сегмент. Со појавата на Ковид кризата оваа работилница доби облик на Е-ДЕАН работилница преку која се оспособија сите вработени на новиот хибриден модел на настава преку презентирање на најнови современи начини на држење предавања и испити со употреба на алатки и платформи кои го овозможија тоа, а не влијае на квалитетот на наставата. Најчесто се користеа и се уште се користат платформите ЗООМ, ТИМС и ГУГЛ МИТ.

**Прилози**

Прилог 5.9.А (прилог документ) принт скрин од сервисите на БАС
Прилог 5.9.Б (прилог документ) извештај од реализирана обука Е ДЕАН

| | |
|---|---|
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот; Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |

Бизнис академија Смилевски БАС посебно внимание обрнува на оригиналност на сите академски дела кои прозилегуваат од академијата и спречува било какви активности што укажуваат на плагијаторство.
Во тој контекст БАС има донесено Етички кодекс (Прилог 5.10.А), чија цел е да ги приближи моралните принципи и норми до академската заедница, останатите вработени, ментори и студентите на БАС, во согласност со кои што принципи ќе се водат во професионалниот и академскиот живот во процесот на високото образование. Од посебно значање за академскиот интегритет и спречувањето на плагијаризам имаат членовите во делот Етички правила во наставата и научната работа.
Посебно внимание се посветува на спречување плагијаризан и фалсификување на истражувачки резултати во специјалистичките трудови ан студентите од втор циклус на студии на БАС. Според член 52 од Правилникот за втор циклус на студии (Прилог 5.10.Б) менторот на специјалистички труд има обврска финалната верзија на специјалистичкиот труд да ја постави на веб апликацијата за проверка на плагијати на Министерството за образование и наука, согласно Законот. Извештајот од проверката за плагијаторство се доставува како прилог кон Извештајот од Комисијата за оценка и одбрана на специјалистички труд. За почитување на овој член од Правилникот, кој е во согласност со законските одредби од ЗВО, секој ментор на специјалистички труд, за докажување ан оригиналноста на делото на кандидатот, ја користи официјалната страна на МОН https://plagijati.mon.gov.mk/. Доколку комисијата утврди процент на плагијаторство поголем од 20% добиен од Извештајот од системот за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови, во тој случај комисијата има право да му го врати трудот на студентот на понатамошна доработка во рок од најмногу 3 (три) месеци од денот на донесувањето на Извештајот од страна на комисијата за оценка и одбрана на специјалистичкиот труд. Менторот на трудот е должен заедно со кандидатот да ги преземат сите потребни чекори за преработка, повлекување на трудот од системот за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови и повторна проверка на корегираниот специјалистички труд.
За да се спречат обидите за препишување на студентите за време на полагањето ан колоквиумите и испитите, БАС има досено Правилник за начинот на стекнување на право, пријавување, полагање, следење, оценување, евидентирање и чување на испити на студентите на БАС (Прилог 5.10.В), во кој конкретно во член 17 Следење на полагањето ан колоквиум/испит се дадени сите активности кои се потребни да ги почитуваат студентите, а да ги корегираат наставниците, за време на полагањето.
Почитувањето на одредбите донесени во ЗВО, Етичкиот кодекс на БАС и Привилникот за оценување овоможува да се сведат на минимум сите нсеакани појави за плагијаризам и препишување, со што до денес не се спроведени одредени дисциплински мерки.
По однос на академскиот интегритет на наставниците во рамките на индивидуалнато научна работа која резултира со труд во списание, конференција и сл., наставниот кадар на БАС ги почитува сите пропозиции кои се пропишани од страна на програмскиот одбор на конференциите или уредувачкиот совет на списанието.

По однос на трудовите кои се презнетираат и објавуваат на Меѓународната научна конференција на БАС „Современите менаџерски предизвици и организациските науки“ претседателот на организацискиот одбор (ОО) на конференцијата ги праќа апстрактите/трудовите од два члена на меѓународниот програмски одбор (ПО) на конференцијата, кои преку меил порака го оценуваат трудот по однос на неговата подобност на тематскиот фокус на конференцијата (Прилог 5.10.Г). Откако претседателот на ОО ќе добие потврден одговор од страна на дваца членови на ПО, тој ќе им испрати писмо за прифаќање до авторот/авторите на трудот, кои пак имаат обврска да го подготват истиот според пропозициите во повикот на конференцијата (Прилог 5.10.Д).

**Прилози**

Прилог 5.10.А Етички кодекс на БАС https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/bas_etichkikodeks.pdf
Прилог 5.10.Б Правилник за втор циклус на студии https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/pravilnikzavtorciklusnastudii.pdf
Прилог 5.10.В Правилник за начинот на стекнување на право, пријавување, полагање, следење, оценување, евидентирање и чување на испити на студентите на БАС https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/pravilnikzaocenuvanje.pdf
Прилог 5.10.Г Примерок на писмо за прифаќање на труд за меѓународната научна конференција на БАС Современите менаџерски предизвици и организациските науки Letter of acceptance;
Прилог 5.10.Д Повик од осмата меѓународна научна конференција на БАС - https://basim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/05/ipovik_baskonferencija_2024_mk.pdf.

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика/документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа. Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

Бизнис академија Смилевски БАС во делот на научно истражувачката работа ги следи сите одредби од Законот за научно истражувачка дејност донесен од страна МОН. Во делот на интерните и екстерни проекти, засебни делови кои се однесуваат на научно истражувачката работа може да се најдат во Стратегијата за развој и работа на БАС за 2024-2027 година и акциските планови (Прилог 5.11.А), во Етичкиот кодекс на БАС, конкретно од член 27 до член 36 од овој Правилник, како и во Програмата за работа на фондацијата БАС Институт за менаџмент Битола (Прилог 5.11.Б, Прилог 5.11.В) каде преку склучениот Договор за соработка БАС се јавува како нарачател и финансиер на научно истражувачки проекти (поконкретно објаснети во полето 5.8).
Делот на активности за научно – истражувачка работа предвидени во акциските планови и Стратегијата за развој на БАС (последната за 2024 – 2027), предвидуваат подготовка на шест проектни апликации за Еразмус, ИПА, ИНТЕРРЕГ, УНДП и сл.
Следењето на остварувањето на целите кои се однесуваат на научно – истражувачката работа, во која БАС се јавува како нарачател се составен дел од Извештаите за работа на БАС ИМ.
Индивидуалното поттикнување на наставниот кадар за научно истражувачка работа од конкретен финансиски аспект е предвидено и во Правилникот за плати, додатоци, надоместоци и други примања на вработените и соработниците на Бизнис академија Смилевски – БАС (Прилог 5.11.Г), каде во член 23 од овој Правилник на наставник кој е во постојан работен однос, на секои пет години, БАС може да му одобри платено отсуство во траење од една година, заради стручно, односно научно усовршување во соодветната научна област или за претстој на високообразовна, научна или уметничка установа.
БАС постојано ја оценува, следи и подобрува својата научно-истражувачка дејност.
Го анализира бројот на објавени научни трудови во списанија, на конференции (домашни и меѓународни), учеството на вработените во научно-истражувачки проекти (национални и меѓународни), а има и јасно пропишани стандарди и број на менторирање на специјалистички трудови (Прилог 5.11.Д)
Ваквото редовно следење на овие индикатори овозможува да се прават анализи и да се донесуваат заклучоци, врз основа на кои ќе се унапредува научната дејност.

**Прилози**

Прилог 5.11.А Стратегија за развој на БАС 2024 – 2027 г.
Прилог 5.11.Б Програма за работа на БАС ИМ https://basim.edu.mk/wp-content/uploads/2023/08/programa-za-rabota-na-fondacijata-bas-im-2021-2025-dekemvri-2020.pdf;
Прилог 5.11.В Линк до Извештаи од работата на БАС ИМ за 2020, 2021 и 2022 г.
https://basim.edu.mk/wp-content/uploads/2023/09/izvestaj-basim-2020.pdf;
https://basim.edu.mk/wp-content/uploads/2023/09/izvestaj-za-rabotata-na-fondacijata-bas-im-vo-2021-godina.pdf;
https://basim.edu.mk/wp-content/uploads/2023/09/izvestaj-2022-za-rabotata-na-fondacijata-bas-im-vo-2022-godina.pdf,
Прилог 5.11.Г Правилник за плати, додатоци, надоместоци и други примања на вработените и соработниците на Бизнис академија Смилевски – БАС
Прилог 5.11.Д Линк до Објавени трудови на наставниот кадар на БАС https://bas.edu.mk/za-bas-2/bas-kadar/

| | |
|---|---|
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо- економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој<br>се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки |

Бизнис академија Смилевски – БАС остварува активна научно-истражувачка дејност преку стратешки партнерства со институции од јавниот и приватниот сектор, вклучително и со Стопанската комора, Центарот за развој на Пелагонискиот регион, Универзитетот на Западана Македонија од Р. Грција и сл. (Прилог 5.12.Б) Овие соработки резултираат со заеднички истражувачки проекти и активности.

Научно-истражувачката работа е интегрирана во стратешките документи и акциските планови на БАС (Прилог 5.12.А), каде се предвидени и буџетски средства за оваа намена. Проектите кои се реализираат се усогласени со потребите на регионот и националните развојни приоритети, што се потврдува и со ефективното учество на студентите, применливоста на резултатите.

Конкретен пример за таква реализирана цел е изработката на СТРАТЕГИЈА ЗА ТРАНЗИЦИЈА НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН КОН ЗЕЛЕНА ЕКОНОМИЈА ЗА ПЕРИОДОТ 2024-2027 од Проектот „Стимулирање на зелени вработувања: клучни точки за прекугранични образовни и технолошки иновации (Г.ЕМ.С) (Прилог 5.12.В)

Во текот на 2020 година беше одржан и дел од проектот БАСТИОН. Проектот се реализираше во рамките на програмата од МОН на РСМ: Проект за развој на вештини и поддршка на иновации финансиран од Светската банка, истиот се реализираше и претходните две календарски години (Прилог 5.12.Д)

Во третиот циклус кој се реализираше во 2020 година беше опфатено училиштето СОЗУ Кузман Шапкарев од Битола. Вкупните резултати од овој проект се: обучени над 300 наставници за нови методи и техники на поучување и над 1100 ученици средношколци за подигнување на вештините кои ќе им помогнат во процесот на вработување:

- Тимска работа
- Учење преку искуство
- Анализа и вреднување на работата
- Проектен менаџмент
- Time management
- Решавање на проблеми и носење на одлуки
- Планирање, организирање, делегирање и мотивација
- Комуникациски вештини
- Развивање на доверба и одлучување
- Мотивација

Вкупниот буџет за трите циклуси изнесуваше околу 85.000 евра

Вклученоста на наставно-научниот и соработнички кадар на БАС во меѓународни, и национални проекти потврдува дека научноистражувачката работа е усогласена со локалните, регионалните и националните развојни цели. Уште една потврда за коренспондентноста на научната работа на БАС со локалните и националните развојни цели е учеството на наставниот кадар на БАС на научни и стручни конференции со современ тематски фокус, каде се презентираат резултатите и се разменуваа академски и практични искуства.

Кадарот на БАС е исто така активно вклучен во многу тела каде науката и научните истражувања имаат примерна задача. Проф. д-р Лидија Стефановска и проф. д-р Тони Соклевски се членови на Македонското научно друштво Битола, проф. д-р Гордана Тасевска е член на Македонската асоцијација за човечки ресурси, дел се членови на Програмски одбори на меѓународни научни конференции. Проф. д-р Лидија Стефановска учествуваше и во изработката на Стратегијата за млади на општина Битола, која веќе се имплементира.

Научно истражувачката дејност на БАС како составен дел од Стратегискиот план на БАС е зацртана врз основа на анализа на надворешното опкружување и неговите потреби, па во таа насока сите научно истражувачки проекти кои досега се реализирани кореспондираат со актуелните потреби во нашиот регион. Во таа насока во 2020 година истражувачката програма со наслов „Интересот на младите и возрасните за студирање и работење во ерата на дигитализацијата и сајбер- заштитата“ е во согласност со актуелните напори за дигитализација, проектот насловен „Поттикнување на зеленото вработување: прекугранична едукација и технолошки иновации Hot – Spots / G.EM.S.“, ја опфати актуелната тема за зелена транзиција и зелени вработувања, додека пак најновиот развоен проект „Алијанса за здрава храна од Пелагонија и Преспа ја има својата актуелност во полето на испорака на брендирана здрава храна со географско потекло од Пелагонија-Преспа регионот како носечки регион во државата во производството на храна

(Прилог 5.12.Г). Ефектите од досега реализираните проекти резултираат со значаен импакт во заедницата, преку презентирање на резултатите на меѓународни конференции, завршни конференции од проекти, ново применливо знаење за студентите на БАС и креирање на актуелни студиски програми на БАС.

Сите реализирани научно – истражувачки проекти, како финален продукт имаат Извештаи и препораки, а дел од нив активности за понатамошна имплементација, истите се следат и се проценува ефектот на локалните, регионалните и националните развојни цели, а се предлагаат и мерки за нивно подобрување. Согласно анализата која се прави при креирањето на Стратегијата на БАС (Прилог 5.12.А), се утврдуваат силните и слаби страни и во научно – истражувачката работа и се предлагаат активности и цели кои значат подигнување на ова поле на повисоко ниво.

**Прилози**

Прилог 5.12.А Стратегија на БАС 2024 – 2027
Прилог 5.12.Б Партнерства и соработки на БАС https://bas.edu.mk/partnerstva-sorabotki/
Прилог 5.12.В Регионална стратегија, проект Г.ЕМ.С и акциски план
Прилог 5.12.Г Развоен проект „Алијанса за здрава храна од Пелагонија и Преспа
Прилог 5.12.Д Финален Извештај БАСТИОН за 2020 г.
Прилог 5.12.Ѓ Извештај од проектот Г.ЕМ.С (*.zip фајл)

**Стандард 6**

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните пет години Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа ) |

Финансиското планирање на Бизнис академија Смилевски – БАС се темели на серија на индикатори за планирање, произлезени од целите на политиките како и финансиските регулативи на институцијата. Избраните индикатори се стабилни, но, од друга страна, и доволно флексибилни за да му овозможат на менаџментот и основачите да ги следат привремените промени.

Рамката за планирање и буџетот на БАС за периодот од 2023-2027 година осигурува одржливост и комплетна поддршка на стратегиските планови и приоритети. Овој финансиски план е дефиниран со следниве шест клучни комплексни атрибути:

- Транспарентност
- Документација
- Ефикасност и ефективност
- Отчетност
- Одговорност
- Интегритет и точност

Финансиската состојба на БАС континуирано е стабилна и ликвидна Во секојдневното оперативно работење БАС генерира приходи од школарините на студентите на прв и втор циклус, од реализирани проекти, обуки и консултанства. Секоја година БАС бележи подобрување на финансиските показатели на успешност, обезбедува долготрајност и поддршка за реализирање на поставените цели од Стратегијата за развој во периодот од 2023-2027 година.

Вкупните приходи за 2023 година биле 25,153,702 денари, а за 2022 18.506.369,00, што се забележува раст од околу 27% што се должи на зголемениот број на новозапишани студенти и реализација на проекти за меѓународна соработка со Р. Грција и обуки и консултанства на организации за нивниот организациски развој.

Вкупните приходи за 2024 година биле 32.161.399 денари, а за 2023 25,153,702, што се забележува раст од околу 28% што се должи на зголемениот број на новозапишани студенти и реализација на проекти за меѓународна соработка со Р. Грција и обуки и консултанства на организации за нивниот организациски развој

Како појдовна основа за изработка на финансискиот план за периодот од 2023-2027 година се анализирани претходните години и истите се извлечени од финансиските извештаи од 2020 до 2024 година (Прилог 6.1.А. и Прилог 6.1.Б).

БАС во периодот од 2024 до 2027 има проектирано да ги оптимизира трошоците со дигитализација на процесите, оптимално трошење на ресурсите, како и со имплементирање на алтернативни извори на електрична енергија со поставувањето на фотоволтаичната централа на покривот на сопствената зграда на БАС во Битола. На долг рок спроведена е детална анализа на финансирањето што произлегува од школарината со вклучување на ризиците од истата.

Финансискиот план за периодот од 2023-2027 година покажува дека осигурува одржливост и комплетна поддршка на Стратегискиот план 2023-2027 и неговите приоритети и е балансиран со предвидениот број на новозапишани студенти, реализација на проектите и обуките и консултантските услуги и оптимизација на трошоците.

БАС самостојно ги финансира комплетно научно истражувачката работа и за последните 5 години има финансирано исклучиво од свои средства околу 178.000 евра или 10.932.252 денар (Прилог 6.1.В). Овој систем е ефикасен и сеопфатен и е околу 10 % од вкупната нето остварена добивка од последните 5 години. Научно – истражувачката дејност на Бизнис академија Смилевски се одвива во рамките на научното поле Организациски науки и менаџирање (менаџмент). Дел од истражувањата неминовно опфаќаат делови и од други научни области, со цел да се добие холистичко разгледување на поставениот предмет и проблем на истражувањето.

Во продолжение, даден е преглед на научно – истражувачката дејност на БАС во последните пет години.

Во 2020 година БАС е нарачател на истражувачката програма со наслов „Интересот на младите и возрасните за студирање и работење во ерата на дигитализацијата и сајбер-заштитата“. Во реализацијата на овој истражувачки проект се склучи договор за соработка со фондацијата БАС Институт за менаџмент Битола (поранешен институт) во кој

активни членки се наставниот кадар на БАС и останати други научни работници кои се членови на фондацијата. Истражувачките резултати од истражувањето посветено на проблемот на истражувањата интересот на младите и возрасните за студирање, а потоа и за работење на менаџерски позиции во ерата на дигитализација и сајбер безбедноста, резултираше со научни трудови и презентирање на дел од резултатите на шестата меѓународната научна конференција на БАС „Современите менаџерски предизвици и организациските науки "со посебен тематски фокус „Дигитализацијата и сајбер безбедноста како менаџерски предизвик".
Во 2021 година во рамките на истата истражувачка програма продолжија научно -истражувачките активности со два истражувачки потфати и тоа:

- Истражувачки потфат 1:Дигиталното претприемаштво како современ предизвик Во кој беа опфатени следниве два програмски приоритети: Интересот на младите и возрасните за студирање и работење во ерата на дигитализација и сајбер заштитата и Дигиталното претприемаштво како современ предизвик.
- Истражувачки потфат 2: Ефективноста на акциските интервенции за системско воведување на организациското учење во практиката на организациите на Северна Македонија, во чии рамки во 2021 година се спроведе пилотната фаза за „Мапирање на практиките на организациското учење во организациите на Северна Македонија".

На 32-та Меѓународна конференција „Знаење за развој", одржана во Струга на 19-22.8.2021, дел од наставниот кадар на БАС ги презентираа наодите од спроведената пилотната фаза на истражувањето Мапирање на практиките на организациското учење во организациите на Северна Македонија.
Во почетокот на 2022 година со он - лајн анкета се спроведе пилотно истражување на темата: „Мапирање на практиките на организациското учење во организациите на Северна Македонија". Предметот на ова пилотно истражување го опфаќаше програмскиот приоритет „Менаџментот на знаење и организациската меморија во ерата на дигитализацијата".
Врз основа на наодите од пилотната фаза и дополнителните теориски проучувања, се пристапи кон подготовка на истражувачки проекти по определени компоненти од Интегралниот модел на ОУ тестиран во пилотната фаза.
Наставниот кадар вклучен во овој научно – истражувачки проект засебните истражувачки потфати од оваа област ги презентираа во рамките на нивните докторски истражувања: ПП-1 Придонесот на развојот на личното мајсторство на вработените во зголемувањето на организациската ефективност – пред. м-р Билјана Галовска ПП-2 Придонесот на практиките на менување на менталните модели на вработените во спроведување на организациски промени – пред. м-р Горазд Смилевски и ПП-3 Придонесот на развојот на системското размислување на вработените во подигањето на нивото на организациската интелигенција – пред. м-р Иван Ѓорѓиевски. Овие истражувачки проекти беа презентирани и високо оценете на докторските конференции на нивните три матични факултети.
БАС и пред 2020 година, има значителен импакт преку реализација на уште два макро проекти:

- Развивање на стратегиски фокусирани организации за конкурентност (РСФОК) и
- Влијанието и иновациите врз развојот на организациите (ВИКО).

**Прилози**
Прилог 6.1.А Финансиски план за пет години
Прилог 6.1.Б Финансиски извештаи од претходните пет години (2020, 2021, 2022, 2023, 2024)
Прилог 6.1.В Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност исклучиво со сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа

| | |
|---|---|
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина; Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби; Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

БАС располага со вкупна површина од 1520.475 м2 во Скопје и Битола. Деталната распределба според намената, бројот на места и зафатнината во м2 е дадена во Прилог 6.2.А.
БАС располага со најмодерна функционална информатичка опрема која ги задоволува потребите на сите студенти и истата според намената, бројот и карактеристиките е дадена во Прилог 6.2.Б
Посебен пристап БАС има кон студирањето на далечина каде се обезбедени комплетни информатички, комуникациски и човечки ресурси (Прилог 6.2.В).
Библиотечниот фонд на БАС е со над 2000 примероци и редовно се обновува и секоја година е со над 20 нови наслови.
Бизнис академија Смилевски, за своите студенти и студиски програми обезбедува и одржува електронски портал за учење (http://portal2.bas.edu.mk), каде што сите материјали, вклучувајќи ги и задолжителната и дополнителната литература се обезбедени и преку истата, се овозможува директен пристап (Прилог 6.2.Г).

Иако досега немаме студенти со посебни потреби БАС ги има обезбедено сите комплетни услови за непречено и квалитетно вклучување на оваа категорија на студенти (Прилог 6.2.Д).
Еве ги обезбедените услови:

- Пристапна рампа за лица со телесен инвалидитет, двокрилни врати, подвижна платформа за лица со инвалидитет
- Хидрауличен лифт

Согласно потребите и видот на опремата, една училница е преуредена да поддржи повеќе места за лица со посебни потреби.
Планирано е да се обезбедат соодветни електронски помагала согласно индивидуална потреба на студент и во соработка со организација која се занимава со оваа област (тастатури со големи копчиња, ергономски мауси, далечински управувачи, апликација за читање на текст од екран на македонски јазик и слично)
Wordpress CMS платформа со внесени основни прилагодувања за слепи и лица со оштетен вид согласно препораките на web accessibility initative. Планирано е дополнување и ажурирање на техничките функционалности за натамошна адаптација согласно измените на стандардите за пристапност.
Планирана е инсталација на помошна инфраструктура и осветлување како и алармен систем во санитарните јазли согласно регулативата и во соработка со соодветна организација од дејноста.
Во наставата предоминантно (повеќе од 80%) се користат електронски формат на наставните материјали, електронско изведување на испитите и извршувањето на административните факултетски обврски.
Планирано е и дополнителна проценка и прилагодување на наставните материјали согласно препораките за лица со посебни потреби (примери: употреба на фонтови за лица со дислексија, помалку бои, намалување или исклучување на користење на брзи анимации, исклучување на употребата на нагли и силни звуци и слично.)
Наставата може да биде прилагодена кон потребите на студентите со посебни потреби, по принципот 1-на-1, со видео конференциски средби, со почитување на времето и ограничувањата на студентот  и слично.
Дополнително е планирано склучување соработка со организација со експертиза во областа за наем согласно потребите на студентите, на: преведувачи на знаковен јазик, изнајмување на опрема за лица со телесна попреченост, овозможување пристап до експерти за лица со посебни потреби, овозможување на советодавни посети и посети на терен како кон кадарот така и кон студентското тело.
БАС обезбедува континуирано и навремено мониторирање на техничките ресурси, а за тоа се ангажирани стручни лица, како аутсорсинг (фирма за компјутерска опрема ПРОКОМ системи, КОНКОРДИЈА – софтверско одржување, БОДОТО – одржување на електрични инсталации и уреди, А1 мобилен оператор, КАРПАТИЈА – агенција за обезбедување и видео надзор, ЕУРОМАГ 21 и РИКОХ за одржување на фотокопир уреди и останати фирми ангжирани по потреба).  За целокупното одржување на техничката опрема БАС располага со документација – фактури за извршени услуги.

**Прилози**

Прилог 6.2.А. Просторни услови на БАС Скопје и Битола
Прилог 6.2.Б. Функционална информатичка опрема;
Прилог 6.2.В. Библиотечен фонд
Прилог 6.2.Г. Информатички ресурси за учење на далечина
Прилог 6.2.Д. Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/администра-тивните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби; Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби; Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |

Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Бројот на вработени во помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии (Прилог 6.3.А).

Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби).
Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции во зависност на кое работно место е неговиот ангажман. Обуките се во делот на комуникација, безбедност при работа, деловно и правно работење, заштита на личните податоци, дигитален маркетинг и странски јазици (Прилог 6.3.Б).
За вршење на стручните и административните работи на БАС се формира стручна и административна служба на БАС (Студентски прашања на БАС). Стручната и административната служба на БАС ја сочинуваат: деловниот секретар во својство на Раководител на стручната и административната служба на БАС, референти за студентски прашања и помошник референти за студентски прашања. Стручната и административната служба на БАС е надлежна за вршење на следниве активности: студентски прашања, администрирање на материјалната и дигиталната администрација, обезбедување и издавање на извори за студирање, евиденции и останати надлежности и активности кои се детално утврдени во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на БАС, согласно Правилникот за начинот на работа на стручната и административната служба на БАС и со посебна одлука со која се опфатени сите надлежности. Деловниот секретар има својство на Раководител на стручната и административната служба на БАС. Надлежностите на Деловниот секретар се пропишани во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на БАС и во посебна одлука.

**Прилози**

Прилог 6.3.А. Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;
Прилог 6.3.Б.Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој
Прилог 6.3.В. Органиграм на БАС, https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/bas_organigram2022.pdf

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Еден од позначајните проекти за БАС во кој над 10% од студентите на двата циклуси зедоа активно учество е проектот насловен „Поттикнување на зеленото вработување: прекугранична едукација и технолошки иновации Hot – Spots / G.EM.S.“, кој имаше за цел да им помогне на регионите-учеснички да се оддалечат од нивните тековниот ниски економски пристап заснован на кафеава боја (низок квалитет на работа, ниска заштита на животната средина, ниски вештини), кон „висока“ одржлива економија заснована на зелено (високи вештини, висока продуктивност, висока заштита на животната средина). Проектот беше во рамките на програмата за прекугранична соработка INTERREG IPA „Грција - Република Северна Македонија.
Централна активност на тој проект беше изработка на една Регионална и 10 компаниски стратегии за транзиција кон зелена економија. Наставниот кадар на БАС комплетно учествуваше во реализацијата на овој проект. Исто така во рамките на овој проект беа изработени и 16 бизнис планови. (Прилози 6.4.А, 6.4.Б, 6.4.В и 6.4.Г).
Најнов развоен проект во кој учествуваат студентите е е проектот „Алијанса за здрава храна од Пелагонија и Преспа“ кој ќе се реализира во периодот од 2024 до 2026 година. Намерата на оваа иницијатива е да се воспостави одржлива Алијанса (сојуз) на клучните регионални и национални чинители кои обединети, заеднички и континуирано ќе дејствуваат во процесот на добивање, процесирање и испорака на брендирана здрава храна со географско потекло од Пелагонија-Преспа регионот како носечки регион во државата во производството на храна. Планирано е учество ан студенти од прв и втор циклус и во овој проект.
Ваквата намера ќе се оствари со развојниот карактер на овој проект: воспоставената Алијанса за здрава храна паралелно со градењето на својата структура да спроведе целокупен процес на брендирање, заштита и маркетирање на 10 производи со географска ознака од Пелагонија и Преспа регионот, како активна проектна интервенција за развивање капацитети кај компаниите членки на Алијансата за натамошно континуирано самостојно брендирање на здрава храна од овој регион. На тој начин, како придружна корист ќе биде афирмирање на Пелагонија и Преспа регионот за производство на здрава храна со географско потекло.

**Прилози**

Прилог 6.4.А Листи на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект – GEMS
Прилог 6.4.Б Линк до официјалната страна на ГЕМС https://gemsproject.eu/
Прилог 6.4.В Линк до официјалната страна на ГЕМС https://www.facebook.com/gemsprojecteu
Прилог 6.4.Г Концепт на проектот ГЕМС и пропратна документација;

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата; Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години. |

Во БАС специфични форми на поддршка на студентите во установата се:
кариерно и професионално советување во рамките на предметот Личен менаџмент за сите студенти во прва година на двете локации и тоа се над 500 студенти во последните пет години. Линк: http://portal2.bas.edu.mk во предметите Личен менаџмент и Бизнис лабораторија.
Бизнис лабораторија има за цел да ги подготви студентите за поефикасно вклучување во реалниот бизнис сектор, преку подобрување на општите и стручните компетенции (тимска работа, одлучување, презентирање, преговарање, изработка на мини проекти, подготовка на CV и мотивационо писмо и сл.)
За целиот процес на студирање на далечина се грижи Координатор за студенти на далечина. Студиите на далечина во БАС се наменети за сите оние кои од оправдани причини не можат редовно да следат настава. Наменети се за лица кои: работат во смени; често патуваат, работат во странство или пак имаат одредени здравствени проблеми кои ги спречуваат во редовното следење на настава. Студентите на далечина имаат статус на вонредни студенти кои треба да ја докажат својата спреченост поради некоја од горенаведените причини со соодветен документ. Во однос на наставата, студентите ги добиваат сите наставни материјали за конкретниот предмет, самостојно се подготвуваат за испитот и штом бидат подготвени преминуваат кон полагање на испитот. По потреба, се закажува и онлајн консултативна средба со соодветниот професор. Секоја година се поддржуваат над 30 студенти на далечина или вкупно 150 за последните 5 години Линк на портал: http://portal2.bas.edu.mk во предметите на далечина.
Во БАС се дава поддршка на студенти кои сакаат да студираат со синергирање и истите ги координира Координаторот за далечина. Во просек по 5 студенти годишно студираат на ваков начин. Линк на портал: http://portal2.bas.edu.mk во предметите со синергирање.
Центарот за кариера е поддршка за реализирање на голем број настани дадени во Прилог 6.5.1.како и кои следењето на обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години.

**Прилози**
Прилог 6.5.А. Планови и извештаи од Кариерниот Центар

| | |
|---|---|
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години;<br>Доказ дека системот е функционален. |

Алумните на БАС се вклучени во сите процеси на соработка и комуникација.
Во последните пет години нивната активност е во следните области:

- дел од нив се ментори на новите студенти,
- дел учествуваат во проекти, настани, работилници.
- дел од нив се истакнати стручњаци од практиката и се вклучени во дел од наставниот процес
- како и во најразлични форми како што се Одборот за соработка со јавноста и слично (Прилог 6.6.А и 6.6.Б).

БАС силно ги негува односите со Алумните кои живеат и работат во САД, Австралија, Шведска, Германија и во многу други држави и континети каде е нострифицирана во целост нивната диплома.
Алумните на БАС се регистрирани како Здружение на дипломирани студенти АЛУМНИ КЛУБ-БАС Битола
ЕМБС 6950329 , ЕДБ 4002014536253, Датум на основање 08.5.2014,
НКЗ 94.11 - Дејности на деловни организации и организации на работодавци врз база на зачленување;
Линк: https://www.companywall.com.mk/kompanija/
После секое завршување на студентот му се дава формуларот за регистрација и истиот има можност да биде дел од големото БАС Алумни семејство (Прилог 6.6.В).
Членовите на Алумни организацијата редовно учествуваат и на Конференцијата и Симпозиумот во организација на БАС и БАС ИМ.

Прилози
Прилог 6.6.А Учество во проекти, настани, работилници
Прилог 6.6.Б Листа на ментори – Алумни на БАС
Прилог 6.6.В. Формулар за регистрација на Алумни член

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во |

| | |
|---|---|
| управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години. |

Во Статутот на БАС е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето и тоа:

- во Наставничкиот совет на БАС;
- во Управата на БАС.

исто како дел од обезбедувањето на квалитет, во комисијата за Самоевалуација учествува студент на БАС.
Линк: https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/basstatut.pdf;
Студентското собрание го сочинуваат 5 (пет) претставници на студентите. Право да избираат и да бидат избрани за членови на Студентското собрание на БАС имаат сите студенти на БАС кои се запишани на студии во студиската година во која се избира Студентското собрание на БАС. Претседателот на Студентското собрание на БАС се бира од редот на именуваните претставниците на Студентското собрание на БАС. Претседателот на Студентското собрание ги извршува одлуките на Студентското собрание на БАС, ги застапува студентите и Студентското собрание и е одговорен за неговата работа. Мандатот на претседателот и на членовите е 1 година. Комплетната документација од последниот избор на Студентско собрание е во Прилог 6.7.Б заедно со Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;
Студентското Собрание е поддржано од БАС со обезбедени простории и финансиски средства за реализирање на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата.
Работата на Студентското собрание на БАС се финансира со средства на БАС. Органот на основачи предвидува буџет кој ќе го даде на користење на Студентското собрание на БАС. Во овој случај, Студентското собрание на БАС треба да ги планира своите активности и трошоци согласно предвидениот буџет. Студентското собрание на БАС има рок од 15 (петнаесет) работни дена од денот на неговото конституирање да достави Предлог финансиски план за искористување на средствата за реализирање на предвидените активности на Студентското собрание во рамките на буџетот предложен од страна на Органот на основачи. Органот на основачи во рок од 5 (пет) работни дена дава одобрување на предлог финансискиот план доставен од страна на Студентското собрание на БАС.
Студентското собрание на БАС има надлежност:
1) да учествува во органите на БАС: Наставнички совет и Управа на БАС (Прилог 6.7.Г);
2) да избира и разрешува Претседател на Студентското собрание на БАС;
3) да избира студентски претставници во органите на БАС и активно да учествуваат во работата на органите и телата на БАС;
4) да донесе план и програма за својата работа;
5) да направи предлог финансиски план за финансирање на студентските активности и да го достави до Органот на основачи за одобрување;
6) да донесе Статут и други општи акти на Студентското собрание согласно Законот за високото образование и овој Статут;
7) да се грижи за квалитетот на животот на студентот и квалитетот на процесот на студирање, студентскиот стандард, остварувањето на студентските права и интереси и за студентската култура, социјална и интелектуална надградба;
8) да поттикнува студентски активности надвор од наставниот процес;
9) да врши други активности од интерес на студентите.
Студентите на БАС учествуваат во голем број општествени, културни активности од страна на установата период за последните пет години, а кои се наведени во Прилог 6.7.В.

**Прилози**
Прилог 6.7.А. Статут на Бизнис академија Смилевски – БАС, https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/basstatut.pdf
Прилог 6.7.Б. Комплетна документација од последниот избор на Студентско собрание
Прилог 6.7.В Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години.
Прилог 6.7.Г Записници од Наставнички совети во кои учествува претставник од студентското собрание.
Прилог 6.7.Д Одлука за учество на студент во постапката на Самоевалуација на БАС

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |

Студентите на БАС навремено и континуирано се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање преку:

- web страната на БАС www.bas.edu.mk;

- порталот на БАС portal2.bas.edu.mk;
- прекусоцијални медиуми на БАС;
- преку zoom средби;
- преку директни состаноци и средби со вработените во БАС.

Како промотивни материјали се различни дизајни на флаери, знамиња, пенкала, тефтери, брендирани подароци. Студентите кои завршиле прв циклус на студии имаат можност преку информациите кои се објавуваат на веб страната да се запишат на втор циклус на студии, по објавен Конкурс за тоа. Исто така може да се информираат и за учество во Алумни организацијата, Кариерниот центар и во сите активности на БАС како што се конференции, трибини, проекти и сл.

**Прилози**

Прилог 6.8.А Линкови од страната на БАС https://bas.edu.mk/studii/

Прилог 6.8.Б Линк до facebook и Instagram страните на БАС, како и линкедин профилот

https://www.instagram.com/biznis_akademija_smilevski/

https://www.facebook.com/bas.edu.mk

https://www.linkedin.com/school/business-academy-smilevski/posts/?feedView=all

Прилог 6.8.В Промотивни материјали на БАС

**Стандард 7**

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален. |

Интерно, академијата користи специјализирана софтверска платформа (https://bas.classter.com) што овозможува систематизирана обработка на податоци, софтверот претставува и централен хаб за управување со студентските информации. Податоците кои се прибираат преку овие системи овозможуваат сеопфатен увид во интересот за студиските програми, бројот на запишани и завршени студенти по ниво на студии, како и динамиката на испис.

Како надворешна алатка, користи се платформата Moodle (portal2.bas.2du.mk). Преку оваа платформа, на едно место се евидентираат и ажурираат академските досиеја на студентите, вклучувајќи ги податоците за нивните студиски активности и постигнувања. Развојот, одржувањето и унапредувањето на платформата се во надлежност на ИТ-администрацијата, при што нејзината улога е да обезбеди стабилна техничка поддршка за наставата и студентите во наставниот процес. Овие системи обезбедуваат управување со наставните содржини, материјалите за настава, формите за евалуација на знаењето, како и континуирано следење на реализираната настава. Дополнително, се анализира и просечниот успех, што служи како основа за подготвка на аналитички извештаи за перформансите на студентите и програмите низ годините. (во форма на семестрални листови, уверенија, делумни уверенија, УППИ обрасци...)

Во овој процес активно се вклучени наставниот и административниот кадар и самите студенти. Секој од нив има соодветен пристап и одговорности, согласно својата улога во системот. Академијата постојано вложува во развој на иновативни дигитални решенија кои придонесуваат за зголемена видливост и подобра достапност на услугите. Целта е создавање на функционална и транспарентна академска средина што одговара на потребите на современите корисници.

Во согласност со законските прописи и стандардите за обезбедување квалитет во високото образование, високообразовните институции, БАС редовно спроведува внатрешна самоевалуација. Овој процес претставува клучен инструмент за следење, вреднување и унапредување на сите аспекти од образовната и административната дејност. Самоевалуацијата опфаќа прибирање, обработка и анализа на податоци од различни извори – вклучително и мислењата на студентите, наставниот кадар, административниот персонал, како и показатели за успешност, тек на студирање, ефикасност на наставата и користење на ресурси. Овие податоци се прибираат преку онлајн анкета. (https://forms.office.com/e/zhURsqDmpJ). Целта на самоевалуацијата не е само исполнување на законска обврска, туку и создавање реална основа за континуирано подобрување на квалитетот на наставата, студиските програми, поддршката за студентите и вкупното институционално управување. Податоците од евалуацијата се користат за: Идентификување на силни и слаби страни во реализацијата на студиските програми; Редизајнирање на наставни содржини согласно барањата и повратните информации од студентите и пазарот на труд; Подобрување на педагошките методи и пристапот на наставниот кадар; Јакнење на поддршката за студентите, преку подобрени административни, менторски и технички услуги; Формирање на основа за стратешко планирање и носење одлуки на ниво на раководството на институцијата.

**Прилози**

Прилог 7.1.А Почетна страна за најава на софтвер
Прилог 7.1.Б Почетна страна на софтвер, листа на студенти, информации за студенти
Прилог 7.1.В Почетна страна за најава на студентски портал
Прилог 7.1.Г Извадок од оценки за студент од МУДЛ
Прилог 7.1.Д Почетна страна на студенскиот портал
Прилог 7.1.Ѓ Академски прогрес на студенти по предметот ОНМ

| | |
|---|---|
| 7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн.<br>Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот; Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот. |

Меѓу клучните категории на податоци кои се прибираат се наоѓаат: показатели за академски успех, демографски и академски профил на студентската популација, напредокот на студентите низ студиите, стапката на академските постигнувања, како и процентот на отпишување.
Дополнително, системот опфаќа и податоци за перцепцијата на студентите во однос на степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми, пристапноста и квалитетот на ресурсите за учење и поддршка, како и информации за вработувањето и професионалниот развој на дипломираните студенти. (овозможено преку самоевалуацијата, анкетниот прашалник) (Прилог 7.2.А)
Анализата на овие податоци се спроведува преку стандардизирани работни практики и користење на софтверски алатки за евиденција и статистичка обработка. Резултатите од анализите се презентираат во форма на извештаи, ексел документи кои служат како основа за стратешко и оперативно планирање на академските активности.
Пример за активна вклученост на студентите во овој процес е нивното учество во анонимни анкети каде изразуваат мислења за квалитетот на наставата, достапноста на наставни материјали и нивната целокупна академска поддршка. Од друга страна, наставниот и административниот кадар се вклучени во креирањето на инструментите за мерење, како и во интерпретацијата на резултатите, што овозможува подлабоко разбирање на клучните фактори кои влијаат на академскиот успех.
Конкретни резултати од примената на оваа пракса вклучуваат ревизија и адаптација на наставни програми врз основа на повратните информации од студентите, унапредување на пристапот до дигитални ресурси и зголемување на достапноста на поддршка. Информациите за вработување на дипломираните студенти придонесуваат за подобрување на релевантноста на програмите во однос на пазарот на труд и за развој на соработки со стопанството.
Прибраните податоци не само што служат како алатка за мониторинг, туку претставуваат суштинска компонента на системот за осигурување на квалитет, поттикнувајќи инклузивно заснован пристап кон академското управување и развој. Резултатите од самоевалуацијата (прилог 7.2.В) се вклучуваат во акциони планови, кои претставуваат инструмент за отчетност, но и алатка за континуиран развој. Преку овој процес, Академијата обезбедува транспарентност, инклузивност и ефективност во унапредување на своето работење, во интерес на студентите, кадарот и пошироката заедница.

**Прилози**
Прилог 7.2.А Изглед на алатката за студентска евалуација по комплетиран предмет/семестар
Прилог 7.2.Б Извештај од евалуација преку анкетен прашалник за наставници
Прилог 7.2.В Извештај од последната самоевалуација
Прилог 7.2.Г Правилник за самоевалуација и евалуација

| | |
|---|---|
| 7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |

Сите податоци што се прибираат се предмет на детална анализа, со цел да се идентификуваат трендови, резултати и области за унапредување. Овие информации се суштински за процесот на донесување одлуки на ниво на стратешки менаџмент и придонесуваат кон подобра оперативна организација.
Еден од клучните механизми за формализирање на овие податоци е Годишниот извештај на директорот, кој претставува официјален документ за преглед на постигнувањата, предизвиците и идните приоритети на установата. Во извештајот се вклучуваат квантитативни и квалитативни податоци добиени од регистарот на активности, овозможувајќи транспарентност и отчетност.
Дополнително, установата активно ги документира и промовира значајните академски и научни настани, како што се традиционалните годишни меѓународни конференции, симпозиуми и стручни собири, организирани од БАСИМ , на кои

се презентираат резултати од истражувања, го стимулира наставниот кадар да се вклучи во научно истражувачки дејности и се поттикнува интернационална соработка. Овие настани не само што се архивираат, туку и се анализираат од аспект на влијанието врз академската заедница и развојот на установата.
Со цел да се обезбеди широка видливост и вклучување на пошироката јавност, се користат и социјалните медиуми како алатка за комуникација и објавување на клучни активности и достигнувања. Преку овие дигитални канали се документираат и споделуваат резултатите од иницијативите на академијата, како и искуствата на студентите и кадарот. Особено значаен е и примерот на ДЕАН работилниците, кои претставуваат платформа за внатрешна евалуација и институционален дијалог. Овие работилници овозможуваат структурирана дискусија меѓу академскиот и административниот кадар за тековни активности, добиени резултати и потенцијални подобрувања, а нивните заклучоци се директно вклучени во процесите на планирање и развој.
Преку овие алатки и активности, установата обезбедува целосна трајна евиденција на своето работење, а добиените информации претставуваат суштински ресурс во процесот на континуирано подобрување и долгорочна институционална стабилност.

**Прилози**
Прилог 7.3.А Извештај од работата на директорот (за последните 5 години)
Прилог 7.3.Б Извештај од конференции (организирани 2020; 2022; 2024)
Прилог 7.3.В Извештај од ДЕАН работилници (за последните пет години)
Прилог 7.3.Г Линкови за социјални медиуми
- Веб страна - https://bas.edu.mk/
- Facebook - https://www.facebook.com/bas.edu.mk
- Instagram - https://www.instagram.com/biznisakademijasmilevski/
- Youtube - https://www.youtube.com/channel/UCESg5TI77STvH8dNrx6YRCg
- Linkedin - https://www.linkedin.com/school/business-academy-smilevski/

| | |
|---|---|
| 7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци; Други релевантни документи или политики на установата. |

Бизнис академија Смилевски – БАС во рамките на својот делокруг на работење, а со цел извршување на својата основна дејност во доменот на образованието и науката, врши собирање, чување и обработка на лични податоци.
Од аспект на заштита на обработката на личните податоци, БАС е Контролор на лични податоци, а Субјекти на лични податоци се кандидатите за запишување заради студирање на БАС, лицата кои имаат статус на запишани студенти или некогаш во минатото имале таков статус, лица кои се или биле вработени на БАС, како и лица кои се или биле надворешни соработници на БАС.
Процедурата ги опишува постапките за поднесување на барање од страна на субјектот на лични податоци за издавање на информации за обемот и целта на обработка на неговите лични податоци од страна на БАС, како и за промена, дополнување или бришење на дел од неговите лични податоци.
На веб страната на БАС има посебен дел за заштита на лични податоци каде подетално е објаснет целиот процес околу управувањето со личните податоци како и начинот на нивно складирање, употреба и сл. (https://bas.edu.mk/za-bas-2/informacii-od-javen-karakter/)
Понатаму во секое студентско досие при уписната постапка е дадена и изјава за согласност за обработка на лични податоци. Во согласност со законската рамка за заштита на личните податоци, Бизнис Академија Смилевски – Скопје воспостави јасни и транспарентни механизми за прибирање, обработка и заштита на личните податоци на студентите. Како дел од обврските поврзани со статусот на студент, институцијата прибира основни идентификациски податоци како што се: име и презиме, ЕМБГ, број на лична карта, како и дополнителни информации релевантни за спроведување на академските активности.
Дополнително, со цел документирање и промоција на активностите, Академијата прибира и обработува фотографии и видеозаписи на кои студентите може да бидат идентификувани. Овие податоци се користат исклучиво за потребите на наставата, институционалната промоција и јакнењето на присуството на Академијата во јавноста, преку официјалната веб-страница и социјалните медиуми (Фејсбук, Инстаграм и други платформи). Секој студент, пред да започне со студирање, е јасно и недвосмислено информиран за целите и начинот на обработка на неговите лични податоци, идентитетот на контролорот, категориите на корисници, како и за правото во секое време да ја повлече дадената согласност. Овој пристап обезбедува целосна усогласеност со правните обврски и гарантира почитување на приватноста и дигнитетот на секој поединец.

**Прилози**
Прилог 7.4.А Изјава за согласност за обработка на лични податоци
Прилог 7.4.Б Правилници за заштита на лични податоци
Прилог 7.4.В Прашалници за анализи за заштита на лични податоци

**Стандард 8**

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и; Други релевантни материјали или конкретни примери. |

Бизнис Академија Смилевски редовно објавува информации за студиските програми и активности, кои се ажурирани и достапни за сите корисници. Дополнително, се спроведуваат активности за промоција на Високата школа, каде учествуваат административниот и наставниот кадар. За управување со социјалните медиуми, постои тим кој се грижи за објавување на информации и секојдневно и неделно ажурирање. Точноста на информациите се обезбедува преку соработка, координација и споделување со вработените и менаџерскиот тим.

За да се афирмира Високата школа и да се промовираат достапните студиски програми за упис на нови студенти БАС организира и одржуваа различни промотивни активности. Тие вклучуваат перманентно присуство во медиумскиот простор, позиционирање на БАС во академската заедница, изработка и дистрибуција на промотивни филмови и материјали, како и организирање на стручни настани, посета и промоција во средните училишта и други слични активности. Сите активности се достапни и може да се испратат на социјалните медиуми на Бизнис Академија Смилевски и тоа:

- Веб страна - https://bas.edu.mk/
- Facebook - https://www.facebook.com/bas.edu.mk
- Instagram - https://www.instagram.com/biznisakademijasmilevski/
- Youtube - https://www.youtube.com/channel/UCESg5TI77STvH8dNrx6YRCg
- Linkedin - https://www.linkedin.com/school/business-academy-smilevski/

Бизнис Академија Смилевски секоја година во континуитет реализира низа промотивни активности во рамки на Стратегијата за промоција, како на пример:
(1) Промотивна кампања на социјалните мрежи Фејсбук и Инстаграм;
(2) Организирање и реализација на промотивен настан "Ран упис на студенти";
(3) Промоција на БАС од страна на вработените пред учениците од повеќе средни училишта во Скопје, Битола, југозападниот регион и останати поголеми градови;
(4) Организирање и пријавување на Натпревар за стипендии кој се реализира секоја година во март и април месец,
(5) Организација на првиот академски час и други тековни активности.

Учеснички и организациски активности на саеми и настани - БАС учествуваше на едукативни и кариерни саеми, како и на тематски конференции од областа на бизнисот и менаџментот. Истовремено, Академијата организираше сопствени настани, меѓу кои и 8-мата меѓународна конференција – " Образованието и бизнисот во глобалните мегатрендови ", како и професионални обуки и семинари, кои привлекоа значајно внимание од потенцијални студенти, бизнис-партнери и пошироката јавност.
Други релевантни материјали и конкретни примери - Во рамки на соработката со приватниот сектор, реализирани се продлабочени соработки и активности, со цел стекнување практични вештини од страна на студентите. На социјалните мрежи е забележан раст на следачи и интеракција, што укажува на зголемена видливост и интерес. Дел од активностите се документирани со фотографии, видеа и сведоштва од учесници, достапни на официјалната веб-страница и платформите на социјалните медиуми. Преку овие активности, Бизнис Академија Смилевски демонстрира континуирана посветеност кон јавната транспарентност, промоција на образованието и активна соработка со заедницата и пазарот на трудот.

БАС во соорганизаторство со БАС Институтот за менаџмент Битола ја организираат меѓународната научна конференција „Современите менаџерски предизвици и организациските науки“, секоја година со посебен тематски форкус. На страната https://basim.edu.mk може да се најдат сите повици од досега одржаните конференции, Зборници на трудови, галерија со слики и сл, со што БАС редовно ги прикажува своите тековни активности по однос на конференциите. Поконкретни линкови од осмата меѓународна научна конференција која се одржа во 2024 година се:
Прв повик за конференциајта
https://basim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/05/ipovik_baskonferencija_2024_mk.pdf
Зборник на трудови
https://basim.edu.mk/wp-content/uploads/2025/03/viii_konferencija_2024_zborniknatrudovi_nocipudkdoifinal.pdf
Претконференциска активност – работилница „Транзиција кон индустрија 5.0“
Други податоци за сите конференции
https://basim.edu.mk/konferencija/
БАС е исто така организатор и на симпозимот „Менаџментот и современите практики“ и редовно ги објавува своите публикации на страната https://bas.edu.mk/book-category/bas-publikacii/.

8.1.А Примери од присуство во јавноста
8.1.Б Извештаи од реализирани конференции

| | |
|---|---|
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори; Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

Бизнис Академија Смилевски обезбедува целосни релевантни информации за своите студенти, вклучувајќи ги студиските програми, уписните критериуми, целите на учењето, квалификациите, постапките и условите за студирање. Овие информации се достапни на веб страницата на високата школа, а редовно се организираат промотивни настани што обезбедуваат дополнителни информации и можности за дискусии со студентите. Рефератите за последен избор во звање за секој наставник и соработник се објавени во Билтенот на официјалната страна. Додека, одлуките за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавени во Билтенот, исто така се објавуваат на веб страната на Факултетот. На официјалната страна на БАС, достапни се сите релевантни документи и тоа:

1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/basstatut.pdf
2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно;
    - акредитација БМ (стара) - https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/akreditacija_prvciklus_biznismenadzment.pdf
    - акредитација БМ (нова) - https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2024/11/akreditacija_biznismenadzment_2024.pdf
    - акредитација ММ - https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/08/reseniezaakreditacija_mm.pdf
    - акредитација СМ - https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/akreditacija_vtorciklus_strategiskimenadzment.pdf
    - акредитација СМЧР - https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2024/01/reseniezaakreditacija_smcr.pdf.pdf
    - решение за почеток со работа на БМ (стара) Скопје - https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/reseniezapocetoksorabota_bmsk.pdf
    - решение за почеток со работа на БМ (стара) Битола - https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/reseniezapocetoksorabota_bmbt.pdf
    - решение за почеток со работа на БМ (нова) - https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2024/11/reseniezapocetoksorabota_biznismenadzment2024.pdf
    - решение за почеток со работа на ММ - https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/08/reseniezapocetoksorabota_mm.pdf

- решение за почеток со работа на СМ Скопје - https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/reseniezapocetoksorabota_bmsk.pdf
- решение за почеток со работа на СМ Битола - https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/reseniezapocetoksorabota_smbt.pdf
- решение за почеток со работа на СМЧР - https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2024/01/reseniezapocetoksorabota_smcrsk.pdf.pdf

3. Актот за систематизација;
   https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/pravilnikzasistematizacija.pdf
   https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/bas_organigram2022.pdf
4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет;
   https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/delovniknastavnickisovet.pdf
5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата;
   https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/pravilnikzaplati.pdf
6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот;
   https://bas.edu.mk/bilten-objava/referat-za-izbor-na-nastavnik-vo-nastavno-zvane/ и https://bas.edu.mk/za-bas-/bas-kadar/
7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година;календар за активности/распореди/покриеност на настава на порталот/ http://portal2.bas.edu.mk/?redirect=0
8. Завршна сметка;
   https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/bas_ijk_godishenizveshtaj2021.pdf
   https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2023/02/godisen-izvestaj-za-pristap-do-informacii-od-javen-karakter-bas-2022-g..pdf
   https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2024/02/godisen-izvestaj-bas-skopje.pdf
   https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2025/02/godisen-izvestaj-2024-fx24.docx-2.pdf
9. Годишен извештај;
   https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/bas_ijk_godishenizveshtaj2021.pdf
   https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2023/02/godisen-izvestaj-za-pristap-do-informacii-od-javen-karakter-bas-2022-g..pdf
   https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2024/02/godisen-izvestaj-bas-skopje.pdf
   https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2025/02/godisen-izvestaj-2024-fx24.docx-2.pdf
10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; - https://bas.edu.mk/novosti-i-soopshtenija/bas-bilten/

(одбрани на специјалистички трудови)

11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови: БАС нема трет циклус на студии
12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони;

- *Правилник за професионално усовршување и студирање пократко од три години - https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/pravilnikzaprofesionalnousovrshuvanje_pokratkoodtrigodini.pdf
- *Правилник за студирање на далечина - https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/pravilnikzastudiranjenadalechina.pdf
- *Правилник за издавачка дејност - https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/pravilnikizdavackadejnost.pdf
- *Правилник за избор во звање - https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/pravilnikzaizborvozvanje.pdf
- *Правилник за ЕКТС - https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/pravilnikzaekts.pdf
- *Правилник за студентска пракса - https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/pravilnikzatsp.pdf
- *Правилник за оценување - https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/pravilnikzaocenuvanje.pdf
- *Правилник за прв циклус на студии - https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/pravilnikzaprvciklusnastudii.pdf
- *Правилник за втор циклус на студии - https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/pravilnikzavtorciklusnastudii.pdf

13. Етички кодекс;https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/bas_etichkikodeks.pdf

**Прилози**
/

| | |
|---|---|
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |

БАС нема трет циклус на студии, а во однос на специјалистичките студии нас СМ и СМЧР и одбраните на истите постои линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со резултатите од учењето или научноистражувачката работа https://bas.edu.mk/novosti-i-soopshtenija/bas-bilten/
Својата научно – истражувачка дејност БАС ја спроведува во соработка со БАС Институтот за менаџмент Битола, преку склучен Договор за соработка. Во таа насока се реализирани неколку научно – истражувачки проекти, а дел од нив и тековно се одвиваат.
Во 2020 година реализирана е истражувачката програма со наслов „Интересот на младите и возрасните за студирање и работење во ерата на дигитализацијата и сајбер- заштитата". Во 2021 година во рамките на истата истражувачка програма продолжија научно -истражувачките активности со два истражувачки потфати и тоа:
Истражувачки потфат 1:Дигиталното претприемаштво како современ предизвик , во кој беа опфатени следниве два програмски приоритети: Интересот на младите и возрасните за студирање и работење во ерата на дигитализација и сајбер заштитата и Дигиталното претприемаштво како современ предизвик.
Истражувачки потфат 2:Ефективноста на акциските интервенции за системско воведување на организациското учење во практиката на организациите на Северна Македонија, во чии рамки во 2021 година се спроведе пилотната фаза за „Мапирање на практиките на организациското учење во организациите на Северна Македонија".
Во почетокот на 2022 година со он - лајн анкета се спроведе пилотно истражување на темата: „Мапирање на практиките на организациското учење во организациите на Северна Македонија".
Вложувањата во научно – истражувачката дејност датираат уште пред 2020 година со реализација на научно – истражувачките проекти

- Развивање на стратегиски фокусирани организации за конкурентност (РСФОК) и
- Влијанието и иновациите врз развојот на организациите (ВИКО).

Дел од резултатите од овие проекти како и дел од активностите кои се спроведуваат може да се најдат на страната https://basim.edu.mk/istrazuvanje/ и на следните линкови:
https://basim.edu.mk/wp-content/uploads/2023/09/izvestaj-basim-2020.pdf;
https://basim.edu.mk/wp-content/uploads/2023/09/izvestaj-za-rabotata-na-fondacijata-bas-im-vo-2021-godina.pdf;
https://basim.edu.mk/wp-content/uploads/2023/09/izvestaj-2022-za-rabotata-na-fondacijata-bas-im-vo-2022-godina.pdf,
Еден од позначајните проекти е проектот насловен „Поттикнување на зеленото вработување: прекугранична едукација и технолошки иновации Hot – Spots / G.EM.S
Проектот беше во рамките на програмата за прекугранична соработка INTERREG IPA. Текот на активностите и резултатите од овој проект може да се најдат на официјалната страна на проектот https://gemsproject.eu/ и фајсбук страната https://www.facebook.com/gemsprojecteu

**Прилози**
/

**Стандард 9**

| **СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА** | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии); Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на<br>мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |
| БАС активно соработува со студентите и нуди можности за нивна мобилност во некоја од државите во регионот и пошироко. Во последните пет години се реализирани 6 студентски мобилности (Прилог 9.1.А) во времетраење од еден семестар (повеќе од 3 месеци). За жал, со кризата Ковид-19 во периодот од март 2020 до октомври 2021 не беа реализирани никакви мобилности за студенти, додека беа планирани значителен број.<br>Процентот на студенти кои користеле мобилност од вкупниот број на запишани студенти на сите студиски програми изнесува нешто помалку од 1%, меѓутоа според индикаторите на Е+ програмите, искористеноста на доделените буџети за мобилности се движи некаде 30%-70% по година односно КА-131 програма.<br>Реализираните студентски мобилности се вреднуваат и признаваат, согласно правилникот за ЕКТС трансфер (Прилог 9.1.Б) и правилата за признавање на меѓународни мобилности реализирани согласно договори за студирање и во рамки на Еразмус+ КА-131-HED програмите за мобилност за високо образование. Конкретните примери за признавање на студентските мобилности се дадени во Прилог 9.1.В. | |
| **Прилози**<br>Прилог 9.1.А Листа на студенти по студиски програми кои користеле мобилност<br>Прилог 9.1.Б Правилник за ЕКТС трансфер<br>Прилог 9.1.В Конкретни примери за признаени студентски мобилности | |
| 9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат.<br>Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационали-зација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација; Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн). |
| Меѓународната соработка и интернационализацијата е еден од главните фактори за развој на високообразовната дејност на БАС. За таа цел во БАС од редот на наставниците е избран координатор за програмите Еразмус+ и Меѓународна соработка (Прилог 9.2.А) кој се грижи за истражување, воспоставување контакт, соработува со внатрешните студенти и кадар и склучува договори за соработка со соодветни институции. Имено, работата на ова тело кое е надлежно за меѓународните соработки се дополнително уредена и адресирана во член 161 од статутот на БАС (Прилог 9.2.Б).<br>Со оглед на малиот обем на студенти годишно и кадар како и формата на високо стручно образование, главен фокус на меѓународните соработки се програмите за мобилност КА-131-HED во кои БАС активно аплицира и учествува согласно условите и критериумите на Националната Агенција за Европски програми и мобилност на РСМ. Согласно програмите за мобилности, клучните индикатори се изготвуваат и следат во алатката Beneficiary Module дадена во (Прилог 9.2.В). Согласно индикаторите – секоја ваква програма завршува со поднесување на официјален извештај каде е наведена исполнетоста на приоритетите. Конкретниот пример во 9.2.В претставува извадок од алатката Beneficiary module каде се дадени приоритетите според доделените (awarded) и исполнетите мобилности (reported). Овој буџетски извештај е дел од главниот извештај кој се поднесува по завршувањето на програмата за мобилности. Во периодот опфатен со оваа постапка за надворешна евалуација, односно од 2020 до 2024 е продуциран еден извештај кој се однесува на периодот 2022-2024 и е даден во прилог 9.2.Г како извештај од следење на индикаторите. Истиот извештај (прилог 9.2.Г) во БАС се користи како водечки показател за работата на телото за меѓународна соработка и Еразмус+ програмите за мобилност. Дополнително, планот за меѓународни мобилности и соработки е изготвен како план на мобилности во програмата КА-131-HED на Еразмус+ програмите. Преглед на таквиот план е даден на страна 5 во прилог 9.2.Д | |
| **Прилози**<br>Прилог 9.2.А Одлука за избор на координатор за меѓународна соработка и Еразмус+<br>Прилог 9.2.Б Статут на БАС<br>Прилог 9.2.В Budget 2022-1-MK01-KA131-HED-000059745 EN 2025-04-24T08_50_33<br>Прилог 9.2.Г Final_report_main<br>Прилог 9.2.Д KA131-HED-185857B0 | |

| | |
|---|---|
| 9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |

Како дел од својата дејност, БАС во контекст на меѓународните соработки, покрај проектите и мобилностите, одржува и меѓународна конференција на две години, а учествува и во ИПА програмите за прекугранична соработка. За секоја програма, конференција и слично, се изработува план и буџет, па така, во прилог 9.3.А е даден преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка заедно со изворот на финансирање.

**Прилози**

Прилог 9.3.А Преглед на планирани и искористени финансиски средства

| | |
|---|---|
| 9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |

Во рамки на чартерот за Еразмус+ програмата 2021-2027 (Прилог 9.4.А), БАС активно работи на проширување на листата на меѓународни партнери за проширување на различни видови и форми на соработка, а во основа мобилности на кадар и студенти. Во контекст на Е+ програмата БАС во моментов има активни интер-институционални договори со следниве институции:

АЛБАНИЈА: Универзитетски колеџ за бизнис
БУГАРИЈА: Европско високо училиште по економија и менаџмент
ПОЛСКА: Висока школа „Св. Јован Павле II“ од Светокршка
ПОРТУГАЛИЈА: Isla-Santarem, Educação e Cultura Unipessoal, Lda.
СЛОВЕНИЈА: Факултет за економија и информатика
СРБИЈА: Висока школа модерног бизниса
СРБИЈА: Универзитет „Унион Никола Тесла“
СРБИЈА: Универзитет „Сингидунум“
ТУРЦИЈА: Tokat Gaziosmanpasa Universitesi
ТУРЦИЈА: Sivas Cumhuriyet Universitesi
ЛАТВИЈА: Колеџ за бизнис администрација
УНГАРИЈА: Универзитет „Милтон Фридман“
ХРВАТСКА: Бизнис школа ПАР
ХРВАТСКА: Велеучилиште у шибенику

Податоците за Е+партнерствата се објавени на веб-страната на БАС на линкот: https://bas.edu.mk/erazmus а дополнително се дадени како слика од вебсајтот https://ewp-dashboard.com каде всушност е Е+ профилот на БАС во прилог 9.4.Б

Покрај Еразмус чартерот, БАС на локално и меѓународно ниво склучува договори или меморандуми за соработка со институции со кои формира различни конзорциуми, групации или одбори за заеднички настап на проекти, конференции, симпозиуми, работилници и слично. Оваа листа од аспект на меѓународните соработки ги вбројува следниве партнери:

АЛБАНИЈА: Albanian british chamber
БУГАРИЈА: Европейско висше училище по икономика и мениджмънт, Пловдив, Бугарија
Р.С. МАКЕДОНИЈА: Воена Академија, Скопје, Р. С. Македонија
Р.С. МАКЕДОНИЈА: Универзитет МИТ, Скопје, С .Македонија
Р.С. МАКЕДОНИЈА: Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово, Р.С.Македонија
Р.С. МАКЕДОНИЈА: СОУ „Орде Чопела“,Прилеп, Северна Македонија
Р.С. МАКЕДОНИЈА: СОЗУ „Кузман Шапкарев“, Битола, Северна Македонија
КОСОВО: ААБ-Колеџ, Приштина, Косово

Податоците за меѓународните договори и меморандуми за соработка се објавени на веб-страната на БАС на линкот: https://bas.edu.mk/partnerstva-sorabotki/.

Дополнително, БАС има преку 50 соработки со организации од јавниот и приватниот сектор во РСМ со кои БАС ги приближува студентите до вистинскиот бизнис свет. Листата на институции е објавена во делот за студентска пракса на вебстраната на БАС, достапна на линкот: https://bas.edu.mk/studii/karieren-centar-i-studentska-praksa/

Кадарот на БАС, преку склучените меморандуми за соработка и интер-институционални договори учествува како визитинг професори во рамки на студиските програми кај партнерите на БАС, учествува во програмски и/или организациски одбори како и учествува во развој на заеднички проекти, конференции или слични академски активности. Конкретни примери од овие учества се дадени во прилог 9.4.В а за последните пет години ги издвојуваме 15 позначајни учества и мобилности на кадарот кои се дадени со опис на активноста во листата во прилог 9.4.Г.
БАС засега не реализира заеднички програми со странски универзитети или високи стручни школи. При посетата на Милтон Фридман Универзитетот во Будимпешта се стартуваше таква иницијатива, меѓутоа иницијативата се напушти заради несоодветност на степените и времетраењата програмирани во системот на образование за нивоата 6 и 7 по EQF.

**Прилози**

9.4.А Erasmus Charter for Higher Education BAS 2021-2027
9.4.Б EWP Dashboard screenshot
9.4.В Конкретни примери за меѓународни соработки
9.4.Г Листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка

| | |
|---|---|
| 9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години. |

Преку договорите и меморандумите за соработка, на БАС се реализира т.н. визитинг настава или гостински предавања од наставници од странство. Во продолжение е дадена листата на наставници кои реализирале наставни средби со студентите на БАС за некоја од студиските програми:
Живан Живковиќ, Универзитет Белград, факултет во БОР, катедра за индустриски менаџмент;
4.11. 2020, Odabrana poglavlja iz Strategijskog menadzmenta, втор циклус на студии, наставен предмет Стратегиски менаџмент;
Слободан Ќамиловиќ Sveučilište/Univerzitet “Vitez”, Travnik, BiH ;
16.09.2020, Систем плата и награђивања, втор циклус на студии, наставен предмет Менаџмент на човечки ресурси;
Петер Одри, Унивеpитет Дунајварош Унгарија (афирмиран научник)
4.11.2022 г., Пленарно предавање за седмата меѓународна научна конференција на БАС, на тема: Временски и просторен тек на индустриската (стопанска) транзиција во источна Европа, Универзитет Дунаујварош, Унгарија;
Петер Одри, Унивеpитет Дунајварош Унгарија (афирмиран научник)
01.11.2024 г., Пленарно предавање на осмата меѓународна научна конференција на БАС на тема: Идната улога на вештачката интелигенција во бизнисот и менаџментот - Универзитет Дунаујварош, Унгарија;
Џерџ Хорват Фраунхофер Институт ISI, Карлсруе, Германија (афирмиран научник);
31.10.2024 г. Предавање на тема: Транзиција од индустрија 4.0 кон индустрија 5.0, во рамките на претконференциските активности на осмата меѓународна научна конференција, Современите менаџерски предизвици и организациските науки“ на БАС;
Џерџ Хорват Фраунхофер Институт ISI, Карлсруе, Германија (афирмиран научник);
1.11.2024 г. Пленарно предавање на осмата меѓународна научна конференција на БАС, на тема: Индустрија 5.0: Искористување на синергијата помеѓу човечките компетенции и технологијата за да се одржи конкурентноста - Фраунхофер Институт ISI, Карлсруе, Германија;
Николаос Шарисиу, Универзитет на Западна Македонија, катедра а хемиско инженерство, Р. Грција (афирмиран научник);
Пленарно предавање на осмата меѓународна научна конференција на БАС, на тема:
Критичната улога на Универзитетот во Западна Македонија за време на енергетската транзиција на регионот, Универзитет за Западна Македонија, Катедра за хемиско инженерство, Грција;
Nikolas Chrarisou - Air pollution levels at an area under energy transition (Western Macedonia, Greece), INTERREG IPA CROSS BORDER COOPERATION PROGRAMME "GREECE -REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA 2014-2020”: Across Border Educational and Technological innovation Hot-Spots/GEMS (2022-2023)
Goula Maria (афирмиран научник) - Across Border Educational and Technological innovation Hot-Spots/GEMS, INTERREG IPA CROSS BORDER COOPERATION PROGRAMME "GREECE -REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA 2014-2020”: Across Border Educational and Technological innovation Hot-Spots/GEMS (2022-2023)
Додека во рамки на студиските програми, во последните пет години во БАС странски наставници не реализираат настава за дадени предмети или области.
Во рамки на студиските програми на БАС во последните пет години не се реализирало учество на наставници од странство како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски, односно, специјалистички трудови.

| |
|---|
| Во последните пет во БАС не се запишани странски студенти на било која од студиските програми на БАС. |
| **Прилози**<br>/ |

## 3. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ |
|---|
| Во овој дел може да се доставаат дополнителни информации релевантни за квалитетот на високото образование. Овој дел не треба да биде подолг од 3 страници. |
| |
| |

**БАС**
**ВИСОКА ШКОЛА**

Приватна непрофитна високообразовна установа
самостојна висока стручна школа
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ - БАС
СКОПЈЕ

| Примено: | 25.04.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 07/30 | / | / |

## Изјава за точност и вистинитост на податоци

Под полна материјална и кривична одговорност јас, Проф. д-р Гордана Тасевска со ЕМБГ 1309968415012, одговорно лице, директор во високообразовната установа изјавувам дека сите податоци прикажани во Извештајот од самоевалуација на високобразовната установа ПНВУСВСШ Бизнис Академија Смилевски – БАС, Скопје за периодот 2020-2024 се точни и вистинити.

Изјавил,

Проф. д-р Гордана Тасевска

____________________

(Своерачен потпис)

Скопје | Јане Сандански 111/2; телефон: 02 2455 754
Битола | Херцег Нови 6; телефон: 047 225 218

http://bas.edu.mk
bas@bas.edu.mk

Јас, НОТАР Виолета Ангеловска
за подрачјето на Основен суд Битола

Потврдувам дека
Гордана Тасевска, ул. Мирка Гинова бр. 15-59, Битола, во мое присуство своерачно го потпиша писменото, Идентитетот на учесникот го утврдив самиот врз основа на лична карта бр.: М0048512 Издадена од МВР Битола

Потписот - ракознакот на писменото е втиснат.

Согласно чл. 86 став (4) од Законот за нотаријатот, учесниците се известени дека нотарот не е одговорен за содржината на писменото ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 2 од Законот за судски такси во износ од 150 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 300 денари.

Број УЗП 2563/2025

Во Битола 25.04.2025

НОТАР

Виолета Ангеловска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Нотар за подрачјето на Основниот суд во Битола
НОТАР
ВИОЛЕТА АНГЕЛОВСКА
БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПОМОШНИК - НОТАР
ТОМЕ АНГЕЛОВСКИ
за подрачјето на Основниот суд во Битола